# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНАТА ДЕЛЧЕВО
# за периодот 2024 – 2027 година

Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Делчево во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.
Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.
Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.

**ПРЕДГОВОР**

Почитувани,

Доколку сакаме развој, просперитет и благосостојба на граѓаните, мора да работиме плански, организирано почитувајќи ги приоритетите, можностите и ресурсите на Општината, врз основа на претходно направени анализи и истражувања што, несомнено, ќе донесат соодветна реакција која гарантира успеси во работењето на една општина, а со тоа и задоволни граѓани. Сето ова погоре наведено нè поттикнува и нè обврзува за имплементација на еден сериозен стратешки пристап во планирањето и во работењето на Општината што значи практикување на стратешкото планирање, како основен предуслов за развој.

Стратешкото планирање претставува процес во кој се определуваат приоритетите и целите кои се сметаат за најважни, се дефинираат програми, проекти и активности преку кои ќе се остварат дефинираните приоритети и се утврдуваат потребните средства и кадровски ресурси за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес. Несомнено е дека стратешкото планирање е најбитниот сегмент кој гарантира одржливост и развој на една општина.

Моделот на стратешко планирање кој е усвоен во планскиот период (2024-2027) од Општина Делчево е демократски начин на проектирање на посакуваната иднина и темелно осмислување на секој чекор кој нè води кон остварување на утврдената цел и во себе ги интегрира искуствата од претходно изработените стратешки документи. Изведен врз база на темелна анализа на европски и македонски практики во областа на стратешкото планирање, моделот овозможува да ги детектираме најчестите грешки и нефункционалности кои резултираат со слаба реализација на плановите.

Нашите заложби се во насока на надминување на предизвиците со кои се соочуваат општинските органи и граѓаните имајќи ги предвид демографските движења –како сериозна закана за вкупниот локален развој во иднина, усогласеност на понудата и побарувачката на пазарот на трудот, воспоставување партнерство на бизнис- секторот и образовните институции, сертифицирање на општинските услуги кон граѓанскиот и приватниот сектор, воспоставување форуми на граѓани со цел јавна расправа или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и за утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата инт. Сетоа ова го гради основниот именител на нашата работа - подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и квалитетот на услугите кон граѓанскиот сектор и деловните субјекти. Сакам да потенцирам дека при планирањето на стратешките решенија за локален развој, како претпоставки за иден успех, бевме водени од принципот на искажување почит кон постигнувањата на претходните генерации и користење на нивните искуства, но и кон отворање на можности за идните генерации.

Посебна благодарност упатувам до претставниците на УНДП Северна Македонија, /кои во рамки на проектот „Унапредување на општинското владеење“, имплементиран од УНДП, а финансиран од Европската Унија го поддржаа овој процес, како и членовите на тимот за спроведување на процесот на изработка на Интегрираниот локален развоен план на Општина Делчево за периодот 2024-2027 година.

**СОДРЖИНА**

**I.ВОВЕД** ..... 5
1.1 Профил на општината Делчево ..... 5
1.2 Цел на ИЛРП ..... 8
**II.МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП** ..... 8
**III.ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ** . 9
**IV.КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** .. 11
**V.ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА** ..... 17
**VI.СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА** ..... 17
**VII.ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ..... 19
**VIII.РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** ..... **Error! Bookmark not defined.**
8.1 Програма за урбано планирање ..... **Error! Bookmark not defined.**
**IX.БУЏЕТ НА ИЛРП** ..... **Error! Bookmark not defined.**
**X.ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЛРП** ..... **Error! Bookmark not defined.**
**XI.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП** ..... **Error! Bookmark not defined.**
**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА** ..... 41
**АНЕКС 2: ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ** ..... 93
**АНЕКС 3: ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА** ..... 97

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општината Делчево

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º 58’ северна географска ширина и 22º 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Службен весник 55/04 и неговите измени) и Листата на рурални подрачја и рурални населени места во Република Македонија (Службен весник бр.89/2011), општина Делчево е класифицирана како рурална општина.




- *Сл.1 Делчево на мапата на Република Македонија*

- Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напореднички правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна. Општина Делчево има добри сообраќајни врски бидејќи магистралниот пат А3 Делчево-граничен премин со Република Бугарија минува низ неа, а со сообраќајниот систем на државата општината се поврзува преку неколку регионални патишта:
- **Р1302** Делчево (врска со А3) – Пехчево – Берово – Дабиле (врска со А4);
- **Р2341** Делчево (врска со А3) – Габрово-граничен премин со Република Бугарија;

- **Р2343** Делчево (врска со А3) – Голак;
- **Р2345** врска со А3 – Бигла – Трсино - врска со Р1304;
- **Р2346** Работииште – (врска со Р1302) – Разловци – Митрашинци – (врска со Р1304).
- Подрачјето на општина Делчево во смисла на урбанизација е покриена со генерални и детални урбанистички планови, урбанистика документација за населени места и општ акт за селата. Со донесувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање во 2005 година се јави потреба за усогласување и измена на урбанистичките планови, согласно Законот и според тоа за селата треба да се донесат урбанистички планови за села. За градот Делчево во 1999 година е донесен ГУП со период на плански развој од 1997 до 2010 година и со него се регулира, планира и дефинира просторниот развој, организацијата и уредувањето на градот, границите на урбанистичкиот опфат, намената на површините и содржините на истите со зонирање со површина на урбан опфат од 403,78ха.

- **ИСТОРИЈАТ**
  Пределот на Пијанец има богато историско минато со археолошки остатоци кои потекнуваат од неолитскиот период (во околината на Габрово, Драмче, Ѕвегор, Град и др.), од халдштатскиот период (во Бигла, Драмче и околината на Делчево), што го покажува и постоењето на римски пат кој водел од Осогово, по десниот брег на реката Брегалница до селото Работивиште, кој го поврзувал овој регион преку Малешевијата со Солун. Уште една значајна римска комуникација поминувала низ овој регион: патот водел од римскиот град Астибо (Штип), преку Виница и Бигла, поминувајќи ја реката Брегалница кај селото Очипала, понатаму преку селото Киселица и Црна Скала водел за римскиот град Пауталија (Ќустендил). Овој пат се поврзувал со патот Виа Игнација, поврзувајќи ги Драч и Солун.
- Постојат поголем број на римски градишта каде се најдени бројни архелошки предмети во населбите Ѕвегор, Град, Илиово и др. Најдоминантна населба е откриена во селото Град, каде постои поголем хронолошки континуитет на живеење со регистрирани повеќе локалитети во овој регион. Најновите истражувања во оваа населба говорат за постоење на праисториска населба и утврдување од доцноантичкиот и средновековниот период.
- Постојат неколку толкувања за потеклото на името Пијанец. Во овој предел доминирало одгледувањето на сливите и печењето на ракија, како и нејзиното пиење. Понатаму постои народно верување за примената на растението *пијанец*, кое имало халуцинирачки својства, растело меѓу пченицата, а од неговото брашно се успивале луѓето. Додека научните толкувања го поврзуваат името со старобалканското племе Пеонци, како и за постоењето на средновековен град со ова име, но сепак оваа теорија сеуште не е докажана. Во повелбата на Василие Втори Пијанец се спомнува како место приклучено кон Византија, а кое припаѓало под епископот во Мородвис. Подоцна Пијанец потпаѓа под Бугарската, а веднаш потоа во Српскосредновековната држава. Со продорот на Турците на Балканот, Пијанец станува дел од Ќустендилскиот

санџак. Најбројното населено место во Пијанец (Делчево) во византиско време го носело името Василево, според Византискиот цар Василиј. Прв пат под ова име се споменува во една од повелбите на Цар Душан, од 1347-1350 година, како село во Пијанец, со црква Св Никола во близината и црква Св Богородица на Бреагалница. Во 1904 година силен земјотрес сосема го раурнал Василево и доселениците од разурнатото Василево се населиле во Горно маало, на ритчето (Чуката) спроти вливот на реката Габровчица, каде го подигнале ново Василево и црквата Св Богородица (денешната градска црква). Турците се населуваат во такнаречената Средно маало и во тоа време Василево било со развиено сточарство и сливарство. Како централно место на патот кон Струма, во 1671 година Василево го посетил султанот Мехмед IV, кој на Турците им изградил џамија во Средно или Турско маало. Посетата на Мехмед IV го поттикнало македонското население кон позабрзано и помасовно примање на исламот, по што истото почнало брзо да се зголемува со доселување на исламизирано население. Во знак на благодарност на султанот за изградбата на џамијата и посетата, жителите го нарекле Василево (*Султание).*



- *Сл. 2 Царево село на почеток од 20 век*

Во 18 и 19 век Царево Село било селска населба со Турци, Македонци и Торбеши, при што најбројни биле Торбешите. Во средината на 19 век во Царево Село, во Горно маало се доселуваат Македонци од долината на Струма, кои како занаетчии ја формирале чаршијата. Во Долно маало се населиле Власи - сточари од Западна Македонија, кои ги терале овците на пасење на падините на Голак. Голем број Маџири - Турци од Северна Бугарија се населиле во Долно маало, по кои и денеска овој дел се вика Маџир маало. По ослободувањето на Бугарија, во Царево Село се доселуваат и македонски родови од Ќустендилско, кои биле трговци, занаетчии и земјоделци. Тогаш Царево Село имало 1610 жители и почнало да личи на гратче со чаршија и пазар. На крајот на 19 век во Царево Село имало 220 турски и 80 македонски куќи, со претежно земјоделско население.

По Балканските војни Царево Село стагнира, поради поставувањето на државната граница кон Бугарија. Со новата територијална поделба, Царево Село станува околиско место, со што почнува да се развива во стопански центар за Пијанец. Меѓу двете светски војни бројот на населението расте со намалено темпо и Царево Село почнува да се развива десно од Брегалница. По Втората светска војна, со новонастанатите општествени услови во нашата земја, Царево Село на 01.05.1950 година, по четврти пат во својата историја го менува името

во Делчево во чест на  големиот револуционер и идеолог Гоце Делчев.  Брзиот стопански развој на земјата влијаеше на подемот на индустријата која го потисна занаетчиството и денес Делчево е модерена градска населба со широко асфалтирани улици и булевари, решена канализациона и водоводна мрежа и со паркови и зеленило.




Органограм на општина Делчево

### 1.2 Цел на ИЛРП

ИЛРП на општината Делчево е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Планот е подготвен  низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општината Делчево е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови**изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1, се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| Чекори | Период на спроведување |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јули, 2003 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јули, 2003 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2003 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Август, 2003 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Септември, 2003 |
| Чекор 9 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | Окомври, 2003 |
| Чекор 10 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | Октомври, 2003 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | |

ИЛРП на општината Делчево е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општината Делчево, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Делчево е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години);

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста

на ИЛРП на општината Делчево со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општината Делчево особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];

- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021-2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016-2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 -2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20] https://finance.gov.mk/
[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

ТЕКОВНИ СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ, СТРАТЕГИИ И ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината:

- ✓ Стратегија за безбедност на патиштата и Акциски план за Општина Делчево 2023-2027
- ✓ Заеднички локален акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница за период 2023-2026
- ✓ Акциски план за намалување на последиције од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост ковид на локално ниво на Општина Делчево
- ✓ АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ЗА ОПШТИНИТЕ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО И ПЕХЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2026
- ✓ Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2023-2026
- ✓ Годишен план за проценка на ризици од корупција во Општина Делчево 2023
- ✓ Годишен план за проценка на ризици од корупција во Општина Делчево 2022
- ✓ Социјален план на Општина Делчево за периодот 2023- 2025 година
- ✓ Урбанистичка ревизија за Општина Делчево
- ✓ Стратегија за локален економски развој на Општина Делчево 2021-2025
- ✓ Стратегија за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024
- ✓ Стратегија за климатски промени на Општина Делчево (2016-2026)

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Делчево. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоциод различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на жители постојано се намалува. Тенденција е намалување на морталитетот и намалување на наталитетот. Во општината околу 50% од населението е на возраст од 50 до 85+ години. | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето, Намалување на економските и социјалните |

| | |
|---|---|
| | диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетно живеење. |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост. |
| Миграциското салдо е негативно. | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување, особено од подрачјата со специфични развојни потреби.<br>Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на социјалните услови на повисоко ниво, |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Загрижува образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и  непотполно средно образование се 50% од нив.<br>Загрижува возрасната структура (44,52%) на невработени лица постари од 50 години. | Поддршка во преквалификување на невработените лица. |
| Загрижува стапката на невработеност во руралните средини. | Поддршка на секторите земјоделие, туризам. |
| Загрижува високата бројка на инвалидни невработени лица. | Поголема поддршка на компаниите за вработување на инвалидните невработени лица |
| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на активни компании е во опаѓање.<br>Се намалуваат микро компаниите, а се зголемуваат малите компании. | Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. Зголемување на микро компаниите преку стимулирање. |
| Не се искористени можностите на индустриските зони | Потребно е уредување на индустриските зони со потребната инфраструктура за зголемување на интересот за искористување на можностите на индустриските зони |
| Постои солидна атрактивна ресурсна основа за развој на повеќе видови на туризам | Потребна валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите, нивно доуредување со пристпни патишта и урбана опрема. |
| Мал број на сместувачки и угостителски објекти од повисока категорија | Да се прошири со други видови угостителски објекти, ресторани и сл. објекти за храна и пијалаци, забава, конгреси и средби |
| Туристичката промоција е на средно ниво | Потребно е да се подобри промотивната активност |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но обработливоста е релативно слаба | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини |
| Постои потенцијал и интерес за одгледување на шумски плодови (лешник, аронија, малинка) | Потреба од преземање на дополнителни стимулативни мерки во оваа насока и популаризација на ИПАРД програмите |
| Намалување на производството на поледелските | Преземање дополнителни мерки за |

| | |
|---|---|
| култури | подобрување на производството |
| Сточниот фонд во опаѓање, како по број, така по видови | Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување |
| Пчеларството во општината е релативно добро развиено но потребно е брендирање на истото | Да се продолжи со стимулативните мерки за развој на пчеларството и брендирање на истото. |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и во меѓугрански поврзаност со други дејности |
| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Потреба од  ГУП за Делчево, а постоечкиот ДУП за руралните средини и нови туристички локалитети .<br>Мал е процент на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт. | Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места, особено за селата и туристичките локалитети  заради побрз развој на заедницата. |
| ЈКП не ги има превземено сите водоводни системи во населените места | Согласно закон ЈКП треба да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење. |
| Мала покриеност на населените места со канализациони системи.<br>Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода. | Потребно е изградба и доизградба на канализациони системи во поголемите населени места во општината, ставање во функција ПС каде постојат и изградба на нови ПС заради заштита/подобрување на квалитетот на водите во реципиентите. |
| Не се искористени можностите на водостопанските инфраструктурни објекти (вештачки езера, зафати за наводнување и бунари) | Јавното водостопанско претпријатие „Битолско поле“ да ги превземе, управува и одржува системите, реконструкција на истите. |
| Доизградба на улиците по руралните места и обновување на пристапните патишта до с.Габрово, с.Нов Истевник, с Драмче према М.Каменица | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица. |
| Се уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија, да зашпочне процес на подземна инсталација на кабли за електрична енергија. |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Намален број на ученици во основно образование | Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување.<br>Потребно е стимулирање на млади бракови и раѓање во помлади години. |
| Намален број на ученици во средно образование | Отворање на стручни насоки во средното училиште за полесен пристап до пазарот на труд. |
| Подобрување н квалитетот на културните манифестации во општината | Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување нови манифестации |
| ЈЗУ не пружа медицинска услуга за ортопедија | Да се обезбеди начин за посета на ортопед на општината |
| Недостасуваат здравствени установи (амбуланти) во руралните населени места | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи (амбуланти) во руралните средини |

| | |
|---|---|
| Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата | Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица приматели на социјална помош |
| Формирани се Совет за социјална заштита и Совет за превенција од детско претстапниште, потребно е зголемување на нивната активност. | Советите од областа на социјалната заштита да ги изготван соодветните планови со предлог мерки и активности за социјална заштита |
| Недостига станбен простор за социјално ранливи категории на семејства | Обезбедување на станбен простор во Делчево за ранливи категории на семејства . |
| Подобрувње на соработката со граѓанскиот сектор и нивна поддршка. | Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Високо ниво на хидрографски потенцијал | Планирање и управување со водените потенцијали на слив на река Брегалница и неејзините притоки. |
| Загадувањето на почвата се случува поради дивите депонии и непрочистените отпадни води | Неопходна е санација на дивите депонии и изградба на ПС |
| Нема мониторинг станица за следење на квалитетот на воздухот | Потребно е да се воведе мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот |
| Евидентирани се две  нови природни реткости за заштита. | Треба да се предложат за ретко природно наследство |
| Незаштитени шумски екосистеми | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Подигање на нивото на Енергетската ефикасност и искористување на можностите со посебен осврт на хидро енергијата и сончевата енергија | Унапредувае на енергетска ефикасност, мотивирање з формирање на енергетски зедници. |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Плановите за заштита и спасување  во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина Делчево и истите треба редовно да се надополнуваат | Последната ажурирана Проценка на загрозеност е направена во 2023 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка. |
| Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците трба рдовно а е ажурираат | Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризицитередовно да се ажурираат и изготвуваат врз основа на Проценката на загрозеност |
| Изготвени се планови само за заштита и спасување од пожари и поплави | Потребно е да се изготват и донесат и други планови согласно со Проценката на загрозеност |
| Персоналниот состав на силите за ЦЗ(просторни сили) не е ажуриран | Редовно да се ажурира персоналниот состав на силите за ЦЗ |
| Не се реализирани потребните обуки на просторните сили | Редовно да се спроведуваат обуки на просторните сили. |
| Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Да се опремат силите за ЦЗ со потребна опрема по вид и број |
| Волонтерското противпожарно здружение не е активно | Кадровски и технички да се  опреми волонтерското противпожарно здружение за поголема ефикасност во справување со пожарите |

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Општинскиот развоен тим организираше тематски состаноци со засегнатите страни кои резултираа со SWOT анализа на две приоритетни теми: 1) економија заедно со комунална инфраструктура и планирање и 2) социјална инфраструктура. Извештај од тематските состаноци заедно со табели на тематските SWOT анализи е приложен како АНЕКС 2 на ИЛРП.

Во продожение во табела 2, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која е интегрирани и наодите од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| **Внатрешен поглед** | |
| ➢ Историски места и локалитети (цркви, манастири, археолошки локалитети)<br>➢ Постоење на Меморијалниот музеј „Рзловечко востание“, с.Разловци<br>➢ Природни ресурси (обработливо земјоделско земјиште, минерални суривини)<br>➢ Развиено примарно земјоделско производство со потенцијал за понатамошен развој на следните култури: овоштарство<br>➢ Одлични природни услови за лов и риболов<br>➢ Богат шумски фонд<br>➢ Постоење на локални индустриски зони со ДУП<br>➢ Голем потенцијал на водни ресурси за водоснабдување и наводнување<br>➢ Добра покриеност со патна мрежа на населените места<br>➢ Добра покриеност на населените места со водоводни системи<br>➢ Целосна електрификација<br>➢ Целосна покриеност со | ➢ Недоволно стимулирани микро компании<br>➢ Не е воспоставен општински бизнис центар<br>➢ Недоволен претприемачки капацитет на населението (посебно жени и млади во руралните средини)<br>➢ Нефункционални индустриски зони (неуредени со инфраструктура)<br>➢ Неопремени и неуредени туристички локалитети - археолошките локалитети не се пристапни за јавност<br>➢ Неорганизирана и недоволна промоција на туристичките потенцијали со акцент на плнинат Голак<br>➢ Непостоење на пешачки, велосипедски и коњички патеки<br>➢ Не постои туристички информативен центар<br>➢ Недефиниран туристички производ<br>➢ Нема капацитет/и за преработка на земјоделски производи<br>➢ Недоволни стимулативни мерки за развој на земјоделството |

| | |
|---|---|
| телекомуникациска инфраструктура<br>➢ Постоење на детска градинка и клонови<br>➢ Постоење на основни и средно општинско училиште<br>➢ Постоење на културни манифестации<br>➢ Постоење на Центар на култура<br>➢ Постоење на социјални клубови<br>➢ Постојат објекти кои можат да се реставрираат за социјални услуги<br>➢ Постојат спортски објекти<br>➢ Постоење на здравствен дом<br>➢ Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија<br>➢ Добра местоположба<br>➢ Инфраструктурно поврзана со околните општини во земјата и со Р.Бугарија.<br>➢ Постоење на индустриски зони<br>➢ Постоење на инфраструктура како основа за изградба на угостителски капацитети и трговски и сервисни услуги и информативни пунктови | ➢ Слаба искористеност на ИПАРД програмите<br>➢ Неискористени шумски потенцијали<br>➢ Мал број на занаетчии<br>➢ Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот<br>➢ Не постои урбанистичка планска документација за сите населени места<br>➢ Нефункционални пречистителни станици<br>➢ Непречистени отпадни води од постоечки канализациони системи<br>➢ Неизградени канализациони системи во поголемите населени места во општината<br>➢ Нема атмосферска канализација во дел од градот Делчево<br>➢ Нерегулирани речни корита во населени места<br>➢ Голем број на диви депонии<br>➢ Не постојат општински линии за превоз на патници<br>➢ Не постојат постојки и возни редови за општински линиски превоз на патници<br>➢ Недостаток на квалификувана работна сила<br>➢ Неизградена Комунална инфраструктура на планината Голак и руралните средини.<br>➢ Слаба искористеност на културното наследство за туристички посети и привлекување на туристи. |
| **Можности** | **Закани** |
| **Надворешен поглед** | |
| ➢ Добра местоположба - Инфраструктурно поврзана со околните општини во земјата и со Р.Бугарија.<br>➢ Поволни климатски услови за развој на земјоделие -Еколошки чиста средина<br>➢ Постоење на индустриски зони<br>➢ Постоење на млади кадри со познавање на Компјутерски вештини, познавање на странски јазик и менаџмент со човекови ресурси<br>➢ Мерки за самовработување преку АВРМ и други донатори<br>➢ Постоење на инфраструктура како основа за изградба на угостителски капацитети и трговски и сервисни услуги и информативни пунктови<br>➢ Зголемена побарувачка на храна во глобални рамки | ➢ Недостаток на квалификувана работна сила<br>➢ Спор процес на донесување на урбанистички планови<br>➢ Ризик од нови пандемии<br>➢ Одолжување на процесот на пристапување во ЕУ<br>➢ Влијание на климатски промени во земјоделието<br>➢ Отежнат пристап до финансии за приватниот сектор<br>➢ Исполитизираност и бирократија<br>➢ Одлив на работна сила и млади |

| | |
|---|---|
| - Зголемена побарувачка на ароматични и лековити билки, и шумски плодови<br>- Мерки и поволности за инвестирање од страна на Владата<br>- Користење на ЕУ и други меѓународни фондови<br>- Советодавна и експертска помош за бизнис секторот за подобрување на конкурентноста<br>- Програма за стимулирање на развојот на<br>- занаетчиството (Министерство за Економија)<br>- Поттикнување на соработката помеѓу бизнис секторот и универзитетите од регионот<br>- Стимулирање на Јавното Приватно Партнерство - постојна регулатива и практични искуства за Јавно приватно партнерство (ЈПП)<br>- Членство во НАТО<br>- Вклучување на општината во процесот на изградба на регионален систем за управување со цврст отпад<br>- Закон за донации | |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ОПШТИНАТА

Визија: Општина Делчево атрактивно место за живеење, иницијатаор и промотор на севкупниот економски раст и добра бизнис клима, со одлични услови за одржлив социо-економски туристички и културен развој.

Мисија: Општина Делчево, транспарентна општина со ефикасен и ефективен сервис за граѓаните, со услови за квалитетен и безбеден социо - економски живот.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и треба да се однесуваат на идентификуваните (низ АНАЛИЗА) споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити.

Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Стратешките цели се дефинираат за ИЛРП, односно, тоа се цели кои треба да се остварат во наредните 4 години и од таа причина тие треба да се SMART (паметни - измерливи) И ДА СООДВЕТСТВУВААТ НА БУЏЕТСКИТЕ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели се дефинираат ЗА СИТЕ ПОЕДИНЕЧНИ ОБЛАСТИ во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа:

5.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е да се исполнат неколку предуслови: Политика на општина Делчево кон прашањата од областа на локалниот економски развој мора да продолжи да ги издига овие прашања високо на листата на свои приоритети. При тоа, таа треба и натаму да е партиципативна, проактивна и визионерска. Да се исполнат следниве главните Стратешките цели:

- 1. Континуирано подобрување на инфраструктурата
- 2. Привлекување на инвестиции од странски и домашни инвеститори
- 3. Поттикнување на можностите за отворање нанови мали бизниси и самовработување
  4. Развој и подобрување на образованието
- 5. Поддршка на граѓанскиот сектор
- 6. Поддршка и развој на спортот
- 7. Поддршка на руралниот развој
- 8. Поддршка на младите
- 9. Поддршка на земјоделците и овоштарите
- 10. Противпожарна заштита
- 11.Родова еднаквост
- Овозможување на развој на општината преку одржливо управување со културното и природно наследство преку зголемен број на културни манифестации за 15%, воспоставени минимум три јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативни индустрии (туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки) и основан Младински културен центар како мултимедијален центар.
- Унапредување на спортот и рекреацијата во општината преку трансформирање на минимум два спортски објекти во енергетски ефикасни објекти, создадавање на минимум два спортски клуба на жените во општината и формирањена минимум три нови спортски екипи во училиштата од кои минимум една за девојчиња.
- Зголемена отпорност на населените места во општината преку зголемување на површината под урбанистички планови со валидно временаење за 20% и во плановите се адресирани просторни ризици поврзани со природни настани – климатски и еколошки влијанија и аерозагадувањето, како и преку оформување на пешачка зона во централното подрачје на градот заедно со 5 км. нови велосипедски патеки, и за крај, спроведена е урбана и социоекономска регенерација на два деградирани делови од градот (ha).
- Унапреден е квалитетот и зголемен е опфатот на население со комунални услуги преку обнова на 25% од мрежата за водоснабдување и 30% од мрежата за одведување на отпадни води, изградба на нови 5 км водоводна мрежа и 8 км канализација и зголемен е бројот на корисници на водните услуги за 10%,изградба и ставање во употреба (или обновена е) станицата за пречистување на отпадните води како и изградба на две претоварни станици за комунален отпад.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Треба да одговорите на следниве две прашања и да ги подредите приоритетите:

- Кои предизвици се најгорливи и треба итно да се адресираат?
- Кои споредбени предности на општината можат да резултираат со позитивни социо-економски ефекти на кус рок?

Во општината Делчво како приоритетни области за кои се направија тематски состаноци :

- ✓ Локален економскиот развој,
- ✓ Развој на комуналната и социјалната инфраструктура
- ✓ Развој на образованието и подобрување на животот на младите
- ✓ Рзвој и заштита на животната средина

Во интегрираниот развоен план се опфатени приоритетните развојни можности во следните четири години, односно во период 2024-2027 година. Приоритетите се утврдени согласно изготвените анализи и консултациите со граѓаните на форумските сесии и граѓанските собири по урбани и месни заедници, одржани средби на граѓаните и деловните субјекти со Градоначалникот и општинската администрација.
Од приоритетно значење е да се создават поволни услови за економски развој, за нови инвестиции, кои би придонеле и нови вработувања, унапредување на земјоделското производство, развој на гастрономијата, планинскиот и транзитниот туризам со кои би се искористиле расположите потенцијали, вложувањата во подобрување на животната средина и подобар амбиент на општината како за граѓаните, така и за посетителите.
За севкупен развој на општината секако најзначајно и најголем приоритет е постоење на современа инфраструктура, пристапни патишта, канализациона и водововодна инфраструктура до секој деловен субјект, секое населено место, секој дом.
Значајни за развојот на општината се многуте културни манифестации кои се одржуваат континуирано секоја година, потоа вложувањата во спортот и тоа како во спортските друштва, така ви во изградба на нови спортски терени.
Општината Делчево во континуитет е посветена на развојот на постоечките и воведување на нови јавни услуги. Врвен приоритет е спроведување на смарт проекти во делот на јавните услуги со цел подобрување на условите з живот на граѓаните.

### РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2021 и 2022 година и на вкупни расходи по надлежности за 2021 и 2022 година.

Наодите се орезентирани во трите табели подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Приход на сметка | 2021 | 2022 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % променаnаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 98.266.043 | 85.734.445 | -12,75 | 33,88 | 30,80 | -9,09 |
| Донации | 9.609.250 | 5.367.138 | -44,15 | 3,31 | 1,93 | -41,80 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кредити | 7.204.016 | 4.517.358 | -37,29 | 2,48 | 1,62 | -34,66 |
| Самофинансирачки активности | 5.659.364 | 7.359.379 | 30,04 | 1,95 | 2,64 | 35,50 |
| Дотации | 169.270.533 | 175.351.023 | 3,59 | 58,37 | 63,00 | 7,94 |
| **Вкупен приход** | 290.009.206 | 278.329.343 | -4,03 | **100,00** | **100,00** | |

Од анализата на приходите на општина Делчево по сметки, може да се забележи раст само кај буџетот на самофинансирачки активности и тоа со пораст од 30%, незначителен раст од 3,6% има и кај буџетот на дотации. Додека трендот кај основниот буџет, буџетот на донации и кредити бележи негативен предзнак. Најголем пад од -44,15% има кај буџетот на донации, кедитите се со негатива од 37,29% во однос во 2021 , и кај основниот буџет падот е од -12,75%.

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| **Расходна сметка** | **2021** | **2022** | **Раст 2022/2021** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **% променаnаструктура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 98.266.043 | 85.592.060 | -12,90 | 34,35 | 30,81 | -10,30 |
| Донации | 8.663.079 | 5.367.138 | -38,05 | 3,03 | 1,93 | -36,20 |
| Кредити | 5.646.294 | 4.517.358 | -19,99 | 1,97 | 1,63 | -17,61 |
| Самофинансирачки активности | 4.260.915 | 7.005.409 | 64,41 | 1,49 | 2,52 | 69,31 |
| Дотации | 169.270.533 | 175.351.023 | 3,59 | 59,16 | 63,11 | 6,68 |
| **Вкупен расход** | 286.106.864 | 277.832.988 | -2,89 | **100** | **100** | |

Од анализата на табела 5, за расходите по сметки за 2021 и 2022 година, можеме да заклучиме, дека најголем раст на расходната страна во 2022 во однос на 2021 година има кај буџетот на самофинансирачки активности во износ од 64,41%. Значителен пад од -38,05% во 2022 во однос на 2021 година бележи расходната страна на буџетот на донации.

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2021 и 2022 година*

| **Надлежност** | **2021** | **2022** | **Раст 2022/2021** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **% променаnаструктура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Советнаопштина | 2.723.490 | 2.455.313,0 | -9,85 | 0,95 | 0,88 | -7,16 |
| Д- Градоначалник | | | -15,18 | 1,45 | 1,27 | -12,66 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4.149.381 | 3.519.356,0 | | | | |
| Е-Општинска администрација | 28.786.280 | 33.553.566,0 | 16,56 | 10,06 | 12,08 | 20,03 |
| Ф- Урбанопланирање | 161.077 | 205.476,0 | 27,56 | 0,06 | 0,07 | 31,36 |
| Г- Локален економски развој | 6.405.318 | 5.975.400,0 | -6,71 | 2,24 | 2,15 | -3,93 |
| Ј- Комуналнидејности | 58.588.193 | 42.053.655,0 | -28,22 | 20,48 | 15,14 | -26,08 |
| К - Култура | 6.021.790 | 6.939.227,0 | 15,24 | 2,10 | 2,50 | 18,67 |
| Л - Спорт и рекреација | | | | | | |
| М – Програми за развој | | | | | | |
| Н - Образование | 133.590.528 | 142.761.492,0 | 6,86 | 46,69 | 51,38 | 10,05 |
| Р – Заштита на животна средина и природа | 550.000 | 488.442,0 | -11,19 | 0,19 | 0,18 | -8,55 |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | | | | | | |
| В – Социјална заштита и заштитанадеца | 28.148.837 | 29.140.606,0 | 3,52 | 9,84 | 10,49 | 6,61 |
| W– Противпожарна заштита | 16.981.970 | 10.740.455,0 | -36,75 | 5,94 | 3,87 | -34,87 |
| Q - Заштита и спасување | | | | | | |
| Х – Родова еднаквост | | | | | | |
| Вкупно | 286.106.864 | 277.832.988,0 | -2,89 | 100,00 | 100,00 | 0 |

Анализата на вкупните расходи по надлежности во 2021 и 2022 година, укажува на тоа дека имаме значиелен пад на расходите во 2022 година во однос на 2021 година кај програмата Ѓ- Противпожарна заштита од -36,75%. Истотака, пад има и кај програмата Ј- комунални дејнсоти од -28,22%, -15,18% кај програма Д-градоначалник... и негативен е и трендот кај вкупните расходи по надлежности од -2,89% во 2022 во однос на 2021 година.

Раст на расходите во 2022 во однос на 2021 година имаме кај програмите ф-урбанистичко планирање, Е-општинска администрација, К-култура, Н-образование,и В-социјална заштита и заптита на децата.

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општината Делчево се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година пропишан од министерот за финансии.

Во продолжение се обработени програмите и потпрограмите и проектите за кои се планира одвојување на средства во буџетот на општината Делчево прибрани од различни извори на финансирање.

**Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево**

Основна цел на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита.

Оваа Програма ги опфаќа активностите преку кои се овозможуваат погоре наведените цели распределени во неколку групи и тоа:

*Група А)* Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на општинските патишта определени со Одлука од страна на Советот на општината;

*Група Б)* Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на улици, пешачки патеки и тротоари на подрачјето на општината. Во оваа група Б има и подгрупа во која се дефинирани локациите за кои е потребно да биде изработена техничка документација на ниво на основни проекти;

*Група В)* Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици.

За реализација на оваа Програма се искористуваат финансиски средства и приходи од Буџетот на Општина Делчево, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој, Влада на Република Северна Македонија (преку Министерствата и други извори), Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, Центар за развој на источен плански регион, Проекти од меѓугранична соработка и други приходи.

Обемот на извршувањето на Програмата директно зависи од приливот на планираните средства, а реализацијата се врши преку Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај во Општина Делчево.

Програмата ќе се спроведува низ Ј60 потпрограма:

**Потпрограма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево (Ј60)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | Ознака на буџетска/општинска програма | Ј6 |
| Потпрограма | Потпрограма за одржување и заштита на локални патишта, улици и мостови и регулирање на режим на сообраќај | Ознака на потпрограма | Ј60 |
| Цели на потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на потпрограма) | Основна цел на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита. | | |
| Планирани активности | Планирани активности се следниве:<br>- Изработка на техничка документација на ниво Основни проекти;<br>- Изградба на општински (локални) патишта; | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Реконструкција или рехабилитација на општински (локални) патишта;<br>- Изградба на улици, пешачки патеки и тротоари;<br>- Реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари;<br>- Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема за регулирање на режим на сообраќај;<br>- Редовно одржување на општински (локални) патишта и улици (крпење на ударни дупки, замена и поставување на канавки, пропусти, рампи за пешаци, ракофати, огради, настрешници, нивелирање на шахти, решетки, сливници итн.);<br>- Интервентно одржување на патиштата и улиците;<br>- Зимско одржување на општински (локални) патишта и улици; | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Како резултати се очекуваат следниве:<br>- Зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз со што се овозможува удобност при патување, превозливост и поврзување со останатата сообраќајна мрежа во (општинска или државна);<br>- Зголемување на безбедноста преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигналзација и опрема на патишата и улиците;<br>- Подобрување на условите за движење на пешаците преку изградба, реконструкција или одржување на ртоарите и пешачките патеки;<br>- Функционална состојба на сообраќајната инфраструктура. | | | | |
| Ризик и претпоставки | - Непостојаност во финансирањето (ограниченост на финансиски средства);<br>- Технички проблеми;<br>- Зависност од претходна изработка на ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистички проекти за инфраструктура итн. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2025 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2028 | | | | |
| Вкупна вредност | 76.000.000,00 | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 13.200.000,00 | 14.200.000,00 | 15.200.000,00 | 16.200.000,00 | 17.200.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Согласно оваа Годишна програма се изработува техничка документација и се пристапува кон изградба, реконструкција или рехабилитација, одржување и заштита на општински (локални) патишта, улици и пристапни патеки во општина Делчево | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Делчево<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата е родово одговорна и се однесува подеднакво за сите мажи и жени на подрачјето на општина Делчево. | | | | |

**Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево**

Основна цел на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево е делумно уредување на градежното земјиште на подрачјето на општината

односно уредување со основен степен на уреденост под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или улица со тротоари, улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација.

Оваа Програма ги опфаќа активностите преку кои се овозможува погоре наведената цел распределени во неколку точки и тоа:

1. **Просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма.** Во оваа група се опфатени сите локалитети на подрачјето на општината каде е предвидено да се врши уредувањето. Тука спаѓаат: Милково Брдо, Ново Делчево, Шумски расадник, Станбена зона во СРЦ, Звегорска река, Стрелиште и Стар монопол, Стара партизанка и Пекара, Старо Делчево, Стар расадник и Д2, Басарица, Пролет, Индустриска зона и Сервисна зона, Стопански комплекс, Грамадна, Централно градско подрачје – УЕ2- дел од блок 2.2, Туристичко рекреативен центар Голак, локалитети и селски населби надвор од плански опфат.

2. **Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.** Во оваа активност се опфатени работите со кои ќе се врши делумно уредување на градежното земјиште и тоа: изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари без асфалт), изведување на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа и улично осветлување, за приклучоци до градежната парцела (не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот).
3. **Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура.** Тука се опишани сите локалитети со предвидените активности за уредување на градежното земјиште.

4. **Извори на финансирање на Програмата.** Врз основа на оваа Програма се обезбедуваат финанасиски средства за уредување на градежното земјиште преку уплатата на комуналии од страна на инвеститорите. Во оваа точка се предвидуваат очекуваните приливи распределени по локалитети и тип на градба. Исто така финансиски средства се очекува да бидат обезбедени од Огласи, Национални програми, Конкурси, Повици и други).

5. **Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба.** Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште со основен степен на уреденост се утврдува со сума на трошоците за $м^2$ за геодетски работи, урбанистички планови и проекти, пробивање на улици, водовод, канализација и улично осветлување за секој локалитет посебно.

6. **Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии).** Пресметката на трошоците за уредување на градежно земјиште се врши согласно коефициентите распределени по тип на објекти кои се предмет на градба. Овие коефициенти се превземаат од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

7. **Динамика на извршување на Програмата.** Изградата на објекти по оваа Програма ќе биде во согласност од обемот на одобрени и приберени средства. Во текот на годината можат да се градат и други инфраструктурни објекти доколку се одобрат и преведат средства за изградба на истите. Програмата треба да претставува ориентација за одвивање на дејноста на уредувањето на градежното земјиште, а износите на средствата треба да се земат како ориентациони бидејќи приливот на истите зависи од

повеќе фактори. Приоритет ќе имаат сите започнати објекти, а незавршени во претходната година, како и уредување на градежното земјиште во населби каде наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште е поголем.

*8.* **Останати активности.** Во останати активности се наведени дополнителни активности кои не се спомнати претходно во програмата, а може да се наложи потреба од реализација во тековната година.

Обемот на извршувањето на Програмата директно зависи од приливот на планираните средства, а реализацијата се врши преку Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај во Општина Делчево.

Програмата ќе се спроведува низ Ј програма:

**Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево (Ј)**

| Име на буџетска програма | Уредување на градежно земјиште | Ознака на буџетска/општинска програма | Ј |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | Уредување на градежно земјиште | Ознака на потпрограма | |
| Цели на потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на потпрограма) | Основна цел на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево е делумно уредување на градежното земјиште на подрачјето на општината односно уредување со основен степен на уреенost. | | |
| Планирани активности | Планирани активности се следниве:<br><br>1. Дефинирање на просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма;<br>2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште<br>3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура<br>4. Извори на финансирање на Програмата<br>5. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба<br>6. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)<br>7. Динамика на извршување на Програмата<br>8. Останати активности | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Како резултати се очекуваат следниве:<br>- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари со или без асфалт), пњешачки патеки и други површини согласно ДУП;<br>- изведување на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа<br>- изведување на улично осветлување. | | |
| Ризик и претпоставки | - Непостојаност во финансирањето (ограниченост на финансиски средства);<br>- Технички проблеми;<br>- Зависност од претходна изработка на ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистички проекти за инфраструктура итн. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2025 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2028 | | | | |
| Вкупна вредност | 80.154.523,00 | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 16.450.483,00 | 14.754.040,00 | 15.200.000,00 | 16.500.000,00 | 17.250.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Согласно оваа Годишна програма се изработува техничка документација и се пристапува кон изградба или реконструкција на патишта или улици во функција на обезбедување на пристап до градежни парцели, на комуналната инфраструктура и јавното осветлување. | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Делчево<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата е родово одговорна и се однесува подеднакво за сите мажи и жени на подрачјето на општина Делчево. | | | | |

- Сумите се ориентациони

**Програма за Односи со јавност и промоција на Општина Делчево**

Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.

Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе се спроведува низ ННННН потпрограми:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за односи со јавност и промоција на О.Делчево | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за ……………………… | Ознака на развојна потпрограма | |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | **Општа цел:** Редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница, односно жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.<br>**Специфични цели:**<br>1. Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;<br>2. Двонасочна комуникација -поголема вклученост на жените и мажите, девојчињата и момчињата во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;<br>3. Развој на капацитетите-<br>• Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација<br>• подобрување на внатрешната комуникација<br>4. Комуницирањето во улога на промоција на Општина Делчево и нејзино активно вклучување во реализација на кампањи со цел подигање на јавната свест кај жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за поедини прашања во општеството;<br>• Привлекување поголем број туристи и потенцијални инвеститори<br>• Создавање нов и атрактивен промотивен материјал<br>• Изработка на нови стратешки документи |
| Планирани активности | **I Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, ќе се преземат следниве активности:**<br><br>**1. Редовно и навремено информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево за работењето на Општината** (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година. Исто така, ќе се практикува целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.<br><br>**2. Зголемување на информираноста на мажите и жените, момчињата и девојчињата од руралните и урбаните средини преку** |

| | |
|---|---|
| | **подобрување на директната комуникација.**<br><br>• развој на постоечки и креирање нови алатки за комуникација за различни целни групи (жените и мажите, девојчињата и момчињата, возрасни групи, етнички заедници, маргинализирани групи);<br>• отворени денови на општината;<br>• испитувања на јавното мислење преку теренски и онлајн- анкети;<br><br>**3.Унапредување на формите и начините на комуникација со медиумите заради подигање на нивото на информираност**<br><br>• список со теми<br>• изработка на календар за брифинзи, пресови<br>• редовен прес- клипинг<br>• воспоставување контакти со нови новинари/ки и медиуми<br><br>**II Двонасочна комуникација**<br><br>1.Вклучување на граѓаните во процеси на донесување одлуки на локално ниво<br><br>• најава и повик за учество на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината на отворени и транспарентни седници на Совет;<br>• пренос на седниците во живо преку социјални медиуми;<br>• организирање родово буџетски форуми на заедниците за утврдување граѓански приоритети:<br><br>➢ **Поттикнување на жените и мажите, жители на Општината за учество во креирањето на Буџетот** - значи навремено информирање, заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.<br>➢ **Поттикнување на поголема вклученост на жените и мажите во донесување** |

| | |
|---|---|
| | **стратешки документи** – ваквата активност дава простор за демократизација, чувство на граѓаните дека се активен сегмент во општествените процеси со право и можност да влијаат при создавањето на суштинските документи, програми, планови, одлуки и др. во кои ќе се адресираат соодветно потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината.<br><br>• **Подигање на свеста и информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за даночните обврски кон Општината** – ваквата активност значи редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските. Пренесувањето на овие информации ќе се врши со помош на електронските алатки и наменски информативни летоци. Во соработка со донатори, Општина Делчево планира инсталирање посебен софтвер за е-даноци со што значително ќе се зајакне даночната транспарентност.<br><br>➢ Развивање механизми и алатки за двонасочна комуникација (можност за достава на граѓански иницијативи и предлози (електронски/лично);<br><br>➢ Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, лица со посебни потреби, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна.<br><br>**III Развој на капацитетите**:<br><br>1. **Подобрена внатрешна комуникација во администрацијата на Општината**. Имплементација на изработените два документа |

| | |
|---|---|
| | Процедура за внатрешна комуникација и Акциски план. Комуницирањето внатре, во Единицата на локалната самоуправа, по хоризонтала и по вертикала ќе биде секојдневно, по одредени или пропишани постапки и процедури, а во најголема мерка со помош на електронски алатки или директна комуникација и одржување стручни колегиуми.<br>**2. Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација:**<br>• подготовка на план за спроведување едукации/ работилници/трибини за лицата задолжени за ОЈ во општината и локалните институтции<br>• следење иновативни решенија и трендови во областа ОЈ<br>• партнерства со агенции, институции и граѓански организации<br>• Изработка на Стратегија за надворешна комуникација 2025/2029<br>**IV –Комуникација во улога на промоција**<br>1. Организирање настани, кампањи, манифестации за промоција на добра и вредности<br>• Подготовка и реализација на Кампања **„Заедно до поубаво Делчево**"- Кампањата ќе се реализира во текот на целата година. Целта на оваа кампања е да се промовира индивидуалниот придонес за разубавување на градот, а Општината да го вреднува нивниот труд. Во рамките на кампањата се предвидени следните активности:<br>-„**Избор на најубаво уреден двор во Делчево"** (обезбедување награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радиоспот);<br>-активности за **јакнење на волонтеризмот**- како форма со која се поттикнува волонтеризмот кај младите за реализација на активности (за разубавување на градот, санирање на оштетена урбана опрема, бојадисување огради, клупи и сл.) со цел секој да даде свој придонес во зачувување на јавното добро и да се промовира општествена одговорност.<br>2. Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на ур**банизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината** и сл. Активностите планирани во овој дел ќе се реализираат во текот на целата календарска година.<br><br>- Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Делчево /електронска верзија - извештај за работата на Општината-**транспарентност и отчетност**<br><br>-Активности по **повод 5 Март, Ден на енергетската ефикасност** (Промоција на новата Стратегија за енергетска ефикасност, изработка видеоматеријал, пласирање информации за значењето на енергетската ефикасност, практикување енергетска ефикасност во јавните институции во Делчево).<br>-Одбележување на **Светскиот ден на водите 22 Март** - Како Општина во која се спроведува големиот проект „Водоснабдување на Делчево“ (проект поддржан од Швајцарската Конфедерација и Министерството за животна средина на РСМ) ќе се спроведе кампања која ќе има за цел да се истакне значењето на водата и нашата обврска за рационално користење. Се планираат неколку активности, како квиз, спортски натпревари, предавања, изработка на рекламен материјал и сл, а ќе бидат вклучени ученици од основните училишта, професори и сл.<br>-Промотивни активности и екоакции: чистење диви депонии, активности поврзани со заштитата на амбиенталниот воздух и укажување на штетноста од користење разни средства и материјали како огревни средства; промотивни активности поврзани со селектирање на отпадот, организирање екоакции за собирање електронски и електричен отпад од домаќинствата и институциите и др.<br>-Промотивни активности за **поголема безбедност во сообраќајот**-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево, а ќе се спроведуваат во текот на целата календарска година. Планирани се соопштенија, прес-конференции, изработка на флаери и др. промотивен материјал. Целта е да се подигне јавната свест во делот на безбедното и одговорно учество во сообраќајот.<br>-Организирање промотивен настан **Бизнис-форум**-презентација на потенцијалите за развој на Општина Делчево пред бизнис-заедницата од Делчево, но и од цела држава, |

| | | |
|---|---|---|
| | | како и од соседните држави, иселениците и сл.а. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, исто така, ќе се одржат и прес-конференции, јавноста ќе се анимира и со давање изјави и со соопштенија до медиумите и на општинската веб-страница. Активностите за оваа промотивна активност се планирани да се реализираат во текот на август.<br>-Организирање кампања **„Денови на хуманост**" по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби. Кампањата е со цел да се подигне свеста кај граѓаните за потребите од инклузивност на лицата во општеството, но и да се промовира филантропијата како алатка за општествената одговорност на претпријатијата. Во рамките на кампањата ќе се реализира повеќе активности со кои ќе се овозможи инклузивност на лицата со попреченост: ликовна колонија, продажна изложба, детски претстави, спортски натпревари и сл. Кампањата ќе се реализира во соработка со локалните образовни институции, НУЦК „Н. Ј. Вапцаров", ЈЛБ „Илинден", НВО-сектор и Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, а ќе се одржат и прес-конференции.<br>-Активности поврзани со **буџетската транспарентност-** Организација на форуми на граѓаните за изработка на Буџетот на Општина Делчево, вклучувајќи и родово одговорно буџетирање. Подготовка на пропаганден материјал, прес-конференции, соопштенија, изработка на граѓански буџет и негово популаризирање во медиумите и на општинската веб-страница. Објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл. Активностите ќе се реализираат во текот на целата година.<br>-Промоција на активностите за **родова еднаквост на Општина Делчево.** Организирање прес-конференции, изјави, информации, соопштенија, трибини, јавни дебати и користење други медиумски алатки со цел информирање на јавноста за значењето на родовата еднаквост. Теми: Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница; Влијанието на климатски промени и енергетската криза врз квалитетот на животот на жените и мажите; Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство; Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање |

| | |
|---|---|
| | согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.)<br>-Промоција на активностите на Советот на млади на Општина Делчево.<br>**-**Учество на Општина Делчево во активности и кампањи организирани од граѓанските организации и промоција на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Делчево 2024/2028 г. |
| Очекувани резултати / ефекти | Општина Делчево е транспарентна и отчетна општина, каде владеат принципите за доброто владеење, а кога се работи со граѓаните, тоа се: отвореност, транспарентност и отчетност, правичност и еднаквост, вклучувајќи механизми за консултации и за учество, ефективни и ефикасни услуги, јасни, транспарентни и применливи закони и правила, конзистентност и кохерентност во креирањето политики, почитување на владеењето на правото и високи стандарди на етичност. Врз основа на овие принципи се гради отворена локална власт што е пристапна, транспарентна и респонзивна.<br>Извршната власт (локалната) е ефективна и ефикасна во извршувањето на своите должности, нејзината работа е транспарентна и одговорна, а секој може да пристапи до нејзините услуги. Тоа е власт што одговара на потребите на своите граѓани, им ги вреднува учеството, искуство и знаењето при донесувањето одлуки и се потпира на модерни и на нови технологии за да го подобри управувањето. Подобрувањето на учеството, транспарентноста и на отчетноста се примарните цели на отворената извршна власт.<br>Проактивно објавените информации се лесно достапни и разбирливи и може да се употребат, да бидат релевантни и согласно со можностите, тие се разделени по пол и возрасни групи, како и редовно да се ажурираат. |
| Ризик и претпоставки | Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата.<br>-**надворешни влијанија**: хакерски напад на системот; бришење податоци; дефекти на системот; здравствена и др. вид криза;<br>-**внатрешни влијанија:** незаинтересираност или субјективен пристап кон отчетноста, транспарентноста и доброто владеење, активната транспарентност и сл.; селективен пристап во објавување на информациите/документите; кратење/неодвојување средства за промоција и др. вид настани; |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2024 | | | | |
| Вкупна вредност | | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 30.000 ден | Сума | | | |
| Статус на реализација на проектот | Тековно | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Програмата се реализира дел самостојно од општинската админситрација, а дел во партнерство со НВО-секторот. | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Веб-страницата на Општина Делчево ја читаат повеќе жени, односно 77,8% од читателите се жени. Најмногу страницата ја отвораат граѓани на возраст од 35-55 години, или процентот е 68,4%, возрасната група над 55 години е со процент од 18,5%, возрасната група од 18-35 години е застапена со 14,8% од анкетираните, додека помладата популација под 18 години, воопшто и не ја отвора вебстраницата. Секојдневно ја посетуваат веб-страницата 66,7 % од анкетираните, а најчесто ги читаат новостите со 56%, сите подеднакво со 16%, урбанизам со 8%, а најмалку со 4% се читаат информациите за финансии, огласи и соопштенија, култура и спорт. Нивото на прегледност на веб-страницата е оценето со високо ниво на прегледност (одговор од 70,4%%), а за 81,5% испитаници пристапноста на страницата е задоволителна, за 85,2% ги исполнува очекувањата за отчетност и интегритет, за 70,4% ги исполнува очекувањата за буџетска и финансиска транспарентност.<br>-најчитаната вест на веб-страницата има 1.528 прегледи (информација со наслов „Поздрав од Италија и Шпанија од десетте најдобри матуранти" и веста- Вонредна седница на Советот на Општина Делчево: 120.000 ден за настраданите во Турција и Сирија" со 1.511 прегледи).<br>- -132.311 граѓани ги прегледале објавите на ФБ-профилот на градоначалник во текот на 2023. Од нив 48,6% се жени, а 51,4% се мажи. Најредовни читатели на објавите се од Делчево со 37,3%, од Скопје 11,3%,од М. Каменица 6,3%, од Кочани 3%, од Берово 2,4 %, Штип 2,4%, од Виница 1,8%. Најголем број од читателите се од Македонија со 80,2%, од Германија 5,4%, Италија 4,8% и Бугарија 1,4%.<br>- -Општинскиот профил на ФБ има 226.307 прегледи. Од нив 54,2% се жени, а 45,8% мажи. Најголем процент прегледи се од Делчево со 43,7%, потоа од Скопје 8,8%, М.Каменица 5,9%, Кочани 2,6%. Најголем бтрој од читателите се од Македнија со 76,6%, потоа од Германија 6,5%, Италија 5,4%, Бугарија 3,1%.<br>-Објавени 11 електронски изданија на општинскиот информатор ИНФО ДЕЛЧЕВО.<br>-поднесени 44 барања за информација од јавен карактер. Од нив, 25 се правни лица, а 6 баратели се жени и 13 баратели се мажи.<br>-Согласно евиденцијата на Секторот за финансии и буџет на Општин Делчево, во Општина Делчево има 6.100 даночни обврзници/сопственици на имот, од нив 1.594 се жени сопственици на имот, или 26,13%. | | | | |

| | |
|---|---|
| | -Од економските оператори кои аплицираат на општинските тендери од вкупниот број 73 учесници на тендери, само 3 економски оператори се управувани од жени.<br>- -Од 27 месни и урбани заедници во Општината, сите активни членови на урбаните и месните заедници во Општина Делчево се мажи.<br>- На трите форумски сесии во рамките на Форумот на заедницата организиран за креирање на Буџетот за 2024 година, учествуваа 116 граѓани од нив 68 се жени, а 48 мажи со што повторно се потврдува фактот за поголем интерес на жените од мажите во процесот на донесување одлуки на локално ниво и поголем интерес за вклучување во активностите.<br>-Одржани средби со рурални жени во рамките на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост" во кој беа опфатени жени од с. Тработивиште, Разловци и с. Црник. На кој учествуваа вкупно 57 жени. Целта беше да се презентираат мерките што ги нуди МЗШВ за мерките кои можат да ги користат руралните жени. Проектот го имплементурапе НВО КХАМ со поддршка на КЕМ и Општина Делчево, а финансиски поддржан од КВИНА ТИЛ КВИНА<br>-Одржани јавни трибини по повод глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство": „Зошто жените молчат за семејното насилство" во партнерство со НВО ЖЕНА и КЕМ на Општина Делчево на која учествуваа 42 граѓани од нив 8 се мажи, а 35 жени и трибина на која ученици и инситуции дебатираа за сите форми на насилство во организација на Општина Делчево и МТСП и програмата РОМАКТЕД 2 на која учествуваа ученици од двете основни училишта и од средното општинско училиште и ресорните институции; исто така, се организираше и форум „Ние сме сѐ уште тука за тебе" на која учествуваа 45 граѓани од нив 8 мажи, а 37 жени и трибина „Зошто ни се потребни превентивни прегледи и улогата на менталното здравје"во организација на НВО ЖЕНА и КЕМ на која учествуваа 51 граѓанин од нив 4 мажи, а 47 жени. |

**Програма за Родова еднаквост на Општина Делчево**

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

- Декларација за правата на човекот (1948 год.)
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006г.). Општина Делчево ја потпиша на 8 Март 2018 година

- Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- Истанбулската конвенција – конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ“ бр. 201/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство /Службен весник на РСМ 24/21
- Закон за спречување и заштита од дискриминација / Службен весник на РСМ 258/20
- Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија
- Националниот план за акција за родова рамноправност

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби, како и со стратешките определби на Општина Делчево предвидени во Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2023-2026 (Сл.гласник број 09-2710/1 од 26.12.2022 година и Акцискиот план за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост на Општина Делчево (Сл.гласник број 09-27/01 од 26.12.2022 г.)

Програмата ќе се спроведува низ ННННН потпрограми:

<table>
<tr><td>Име на буџетска програма</td><td colspan="2">ПРОГРАМА<br>на еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ<br>за 2023 година</td><td>Ознака на буџетска/општинска програма</td><td></td></tr>
<tr><td>Развојна потпрограма</td><td colspan="2">Потпрограма за ………………………</td><td>Ознака на развојна потпрограма</td><td></td></tr>
<tr><td>Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)</td><td colspan="4">Општа цел: Унапредување на родова еднаквост на локално ниво<br><br>Специфични цели:<br><br>1.Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;<br>2.Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство;<br>3. Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево;</td></tr>
<tr><td>Планирани активности</td><td colspan="4">Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Обезбедување за континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство<br><br>Обезбедување на просторија за 24h згрижување на жртви од семејно насилство<br><br>Истражување на бројот на жртви од родово насилство<br><br>Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини.<br><br>Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини<br><br>Обезбедување редовен превоз во микро регион<br><br>Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево<br><br>Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците<br><br>Кампања за поголемо вклучување на девојчињата за стекнување повисок степен на образование. |
| Очекувани резултати / ефекти | - Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2026 година преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури<br><br>- Навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општина Делчево<br><br>- Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство<br><br>- Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од општина Делчево во програмите и мерките на АВРМ до крајот на 2023 година |
| Ризик и претпоставки | Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -**надворешни влијанија**: хакерски напад на системот; бришење податоци; дефекти на системот; здравствена и др. вид криза;<br>-**внатрешни влијанија:** незаинтересираност или субјективен пристап кон отчетноста, транспарентноста и доброто владеење, активната транспарентност и сл.; селективен пристап во објавување на информациите/документите; кратење/неодвојување средства за промоција и др. вид настани; | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2024 | | | | |
| Вкупна вредност | | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 60.000 ден | Сума | | | |
| Статус на реализација на проектот | Тековно | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Програмата се реализира дел самостојно од општинската администрација, а дел во партнерство со НВО-секторот. | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | - Воведување систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општината и институции основани и во надлежност од општината,<br><br>- Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општината од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација.<br><br>- Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни;<br><br>- Обезбедување континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство;<br><br>- Обезбедување просторија за 24h згрижување жртви од семејно насилство;<br><br>- Истражување на бројот на жртви од родово насилство.<br><br>- Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД -фондовите;<br><br>- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки;<br><br>- Здружување на производители и собирачи на производи преку | | | | |

| | |
|---|---|
| | детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници.<br>- Обезбедување услови за активно работење на месните заедници во руралните средини, во кои ќе бидат вклучени повеќе жени и кои ќе придонесат за развој на руралните средини;<br>- Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини;<br>- Обезбедување јавен превоз од Делчево до селата и обратно.<br>- Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општина Делчево;<br>- Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање л Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни<br>- ичен пример и индиректна едукација на учениците.<br>- Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и од Балканот, со цел споделување нивни искуства кои можеме да ги примениме во нашата општина;<br>- Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации. (Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства).<br>- Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис- секторот и индивидуални земјоделци<br>- Поставување фотоволтаици на јавните институции;<br>- Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни;<br>- Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата;<br>- Прегледи кај мажите по 40-тата година (прегледи за простатата)<br>- Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови<br>- Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени;<br>- Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи;<br>- Обезбедување превоз за жените од одалечените места (рурални средини). |

## I. БУЏЕТ НА ИЛРП

Буџетот на ИЛРП на општината Делчево е **индикативен финансиски план**. Како таков, тој е еден од клучните елементи за оперативното управување со севкупната стратегија за имплементација на ИЛРП.

Секторската финансиска рамка (по области на надлежност и програми, потпрограми и проекти) е одраз на фактички достапните финансиски ресурси, од една страна, приоритетите утврдени низ партиципативен консултативен процес и со учество на засегнатите страни во општината.

Од страна на општинскиот тим за развојно планирање направен е напор за јасно поврзување на програмите и потпрограмите/проектите, трошоците и изворите на финансирање со поставените стратешки и секторски цели на ИЛРП. На тој начин се овозможува попрецизно планирање на расходите и изворите на финансирање за планираните програми и потпрограми/проекти и нивно навремено вклучување во општинскиот буџет и другите буџети (државниот, на планскиот регион, донаторскиот, ЕУ итн.) чија финансиска поддршка се предвидува во процесот на имплементација.

Буџетот на ИЛРП на општината Делчево е прилагоден на повеќегодишниот циклус на планирање на општинскиот буџет, кој вклучува планирање за следната година и приближни бројки за преостанатиот број години, со постојано повторување на оваа динамика.

Динамиката на финансирање и изворите на финансирање на ИЛРП се опишани во табелите 7 и 8, подолу.

*Табела бр. 7: Буџет на ИЛРП и динамика на финансирање*

| Програма бр. | Потпрограма/ Проект | Почеток на потпрограмата/проектот | Време за спроведување на потпрограмата/проектот | Проценета вредност на потпрограмата/проектот | Динамика на финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Година I | Година II | Година III | Година IV | ВКУПНО |
| ПРГ1 | ПП/П1.1 | | | | | | | | |
| | ПП/П 1. 2 | | | | | | | | |
| ПРГ2 | ПП/П 2.1 | | | | | | | | |
| | ПП/П 2. 2 | | | | | | | | |

*Табела бр. 8: Извори на финансирање*

| Потпрограма/ Проекти | Проценета вредност на потпрограмата/проектот | Извори на финансирање (вредности) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примарен општински буџет (сопствени извори на приходи) | Општински буџет на субвенции - Трансфери од централната власт | Заем | Донација | ИПА/ИПАРД | Донација од приватен сектор | ЈПП | Самопридонес од граѓаните |
| ПП/П 1.1 | | | | | | | | | |
| ПП/П2.1 | | | | | | | | | |

## АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

### СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ

#### Демографски развој

**Бројното движење на населението** претставува основна демографска компонента, која има големо значење во сите области на животот. Природните услови од една и општествено-економските услови од друга страна се основните фактори кои влијаат врз бројното движење на населението.

Динамиката на бројот на население во Општина Делчево низ пописите на население може да се види од податоците во табелата.

| Р. бр. | Населба | н.в m | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Делчево | 590 | 3.147 | 5.104 | 8.065 | 10.554 | 11.500 | 11949 |
| 2 | Бигла | 722-805 | 731 | 677 | 451 | 343 | 274 | 159 |
| 3 | Ветрен | 910 | 464 | 310 | 248 | 170 | 114 | 80 |
| 4 | Вирче | 740 | 903 | 833 | 746 | 601 | 498 | 272 |
| 5 | Вратиславци | 760-860 | 242 | 243 | 153 | 79 | 32 | 45 |
| 6 | Габрово | 660-765 | 690 | 770 | 787 | 829 | 794 | 606 |
| 7 | Град | 700 | 899 | 827 | 801 | 696 | 534 | 355 |
| 8 | Драмче | 700-840 | 868 | 697 | 534 | 416 | 288 | 115 |
| 9 | Ѕвегор | 680 | 775 | 837 | 907 | 949 | 904 | 685 |
| 10 | Илиово | 600 | 528 | 413 | 304 | 170 | 127 | 50 |
| 11 | Киселица | 710-870 | 435 | 266 | 167 | 78 | 35 | 3 |
| 12 | Косово Дабје | 630 | 207 | 192 | 85 | 35 | 21 | 5 |
| 13 | Нов Истевник | 760 | 662 | 592 | 412 | 262 | 144 | 61 |
| 14 | Очипала | 600 | 230 | 195 | 141 | 106 | 92 | 73 |
| 15 | Полето | 600 | 200 | 172 | 135 | 114 | 194 | 198 |
| 16 | Разловци | 690 | 1.116 | 1.143 | 1.061 | 906 | 826 | 461 |
| 17 | Селник | 880 | 314 | 195 | 131 | 66 | 28 | 0 |
| 18 | Стамер | 740 | 264 | 357 | 388 | 447 | 344 | 259 |
| 19 | Стар Истевник | 800 | 493 | 354 | 250 | 137 | 70 | 22 |
| 20 | Тработивиште | 650 | 813 | 695 | 656 | 571 | 533 | 415 |
| 21 | Турија | 620-800 | 182 | 171 | 153 | 127 | 102 | 46 |
| 22 | Чифлик | 640 | 218 | 214 | 138 | 68 | 51 | 8 |
| 23, | Општина | | 14.377 | 15.257 | 16.713 | 17.724 | 17.505 | 13.585 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Делчево вкупно | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Од изнесените податоци во табелата се забележува дека бројот на население во Општина Делчево во периодот од 1961-2021 година постојано се намалува и тоа од 14377 жители во 1961 година на 13.574 жители во 2021 година или намалување за 8 %.

Причините за ваквата негативна динамика на бројот на населението, произлегуваат од драстичните промени во општествениот, политичкиот и стопанскиот систем. Во наведениот период беа предизвикани промени во секторите на развој. Односно населението работно се пренасочи во секундарните и терциерните дејности, кои главно се развиваа во градските населби. Така настана силна емиграција на населението од руралната кон урбаната средина и просторот доживеа силна депопулација и деаграризација.

Миграционото движење на населението најчесто е од економски причини, а се јавува пред се во ридските и планинските населени места, од каде населението мигрира во рамничарските населени места, каде има подобри услови за живот, но голем дел од населението мигрира и во поголемите и поразвиени градови во Р.С. Македонија, но и надвор од неа.

Како главни центри во Република Северна Македонија, каде мигрира населението од оваа област се градовите Скопје, а како главен мотив за тоа е слабата економска состојба, односно потрагата по подобри услови за живот, вработување но и укинувањето на образовните и здравствените услуги во руралната средина.

Од податоците се забележува дека кај сите населени места бројот на населението во 2021 година е помал од тој во 1961 година, а постојат и населени места кои се раселени (како што се село Селник, Киселица) или пред целосно раселување.

Се констатира дека намалувањето на вкупниот број на популацијата во областа е сериозен проблем воопшто, но и за развојот на туризмот како пропратна дејност во Делчевската област. Мора да се обрне внимание и преземат мерки за подобрување на линиската и институционалната инфраструктурата барем во некои поцентрални населени места во областа.

**Половата структура** на неселението го покажува бројниот сооднос на машкото и женското население во однос на вкупното население. Оваа структура на населението е важна за физиолошката рамка за биолошка репродукција на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

Бројот на машките и женските лица во рамките на една средина обично се разликува до одреден степен, но во случаите, кога се појавуваат големи разлики настануваат сериозни промени и проблеми во останатите структури на населението, а тоа остава сериозни последици врз развојот на населението.

Во

| Вкупно резидентно население на Република Северна Македонија по возраст и пол, по населени места, Попис , 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | **Пол - ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Делчево** | 9.664 | | |
| **Бигла** | 159 | | |
| **Ветрен** | 80 | | |
| **Вирче** | 272 | | |
| **Вратиславци** | 45 | | |
| **Габрово** | 606 | | |
| **Град** | 355 | | |
| **Драмче** | 115 | | |
| **Ѕвегор** | 685 | | |
| **Илиово** | 50 | | |
| **Киселица** | 3 | | |
| **Косово Дабје** | 5 | | |
| **Нов Истевник** | 61 | | |
| **Очипала** | 73 | | |
| **Полето** | 198 | | |
| **Разловци** | 461 | | |
| **Селник** | 0 | | |
| **Стамер** | 259 | | |
| **Стар Истевник** | 22 | | |
| **Трботивиште** | 415 | | |
| **Турија** | 46 | | |
| **Чифлик** | 8 | | |
| **ВКУПНО:** | 13585 | 6806 | 6779 |

Општина Делчево соодносот на машкото и женското население се одржува во рамки од 50,1% машко спрема 49,9% женско население во 2021 година. Причините за поголемата застапеност на машкото население се од традиционален карактер, потоа заради поголемото мигрирање на женското население поради брак, школување и сл.

**Старосната структура на населението** ја покажува распределбата на населението според одредени старосни групи и претставува значаен демографски елемент бидејќи од неа зависат можностите за репродукција на населението, виталноста и потенцијалната биодинамика на населението во одредена област (Маџевиќ М. 2007).

Старосната структура во Делчвската област во периодот од 1961 - 2021 г. е значително променета. Од податоците за Општина Делчево во периодот 1961-2021 година, се констатира дека учеството на младото население (0 до 19 години) континуирано опаѓа), додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е во постојан, што покажува дека оваа област е во процес на длабоко демографско стареење.

| Вкупнорезидентнонаселение во Општина Делчево по 5-годишни возраснигрупи и попол, Попис 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО |
| Возраснагрупа - ВКУПНО | 6806 | 6779 | 13.585 |
| 0-4 | 261 | 257 | 518 |
| 5-9 | 304 | 277 | 581 |
| 10-14 | 293 | 310 | 603 |
| 15-19 | 323 | 319 | 642 |
| 20-24 | 337 | 311 | 648 |
| 25-29 | 349 | 353 | 702 |
| 30-34 | 363 | 353 | 716 |
| 35-39 | 449 | 402 | 851 |
| 40-44 | 484 | 426 | 910 |
| 45-49 | 508 | 458 | 966 |
| 50-54 | 533 | 499 | 1032 |
| 55-59 | 544 | 562 | 1106 |
| 60-64 | 604 | 600 | 1204 |
| 65-69 | 561 | 568 | 1129 |
| 70-74 | 429 | 500 | 929 |
| 75-79 | 278 | 332 | 610 |
| 80-84 | 118 | 150 | 268 |
| 85+ | 68 | 102 | 170 |

Карактеристика е тоа што старосната група над 60 години возраст е значително поприсутна во руралната средина.

**Структура на населението според образование**

Населението според образование во основа се категоризира како писмено и неписмено. Лицата кои знаат да читаат и пишуваат се сметаат за писмено население и обратно. Во анализата на населението според писменост се земаат само лицата кое има петнаесет и повеќе години.

Писмените лица во продолжение се категоризираат според завршената школска подготовка (население без образование, незавршено основно образование, основно, средно, високо образование, магистратура, докторат и непознато).

Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст, по општини, Попис , 2021

| | Највисок степен на школска подготовка - ВКУПНО | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасна група - ВКУПНО** | | | | | | | | | |
| **15-19** | | - | | | | - | - | - | |
| **20-24** | | - | | | | | | - | |
| **25-29** | | - | | | | | | - | |
| **30-34** | | - | | | | | | | |
| **35-39** | | | | | | | | | |
| **40-44** | | | | | | | | | |
| **45-49** | | | | | | | | | |
| **50-54** | | | | | | | | | |
| **55-59** | | | | | | | | | |
| **60-64** | | | | | | | | | |
| **65-69** | | | | | | | | | |
| **70-74** | | | | | | | | | |
| **75-79** | | | | | | | | | |
| **80-84** | | | | | | | | | |
| **85-89** | | | | | | | | | |
| **90-94** | | | | | | | | | |
| **95-99** | | | | | | | | | |
| **100+** | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Од податоците се забележува дека процентот на неписменото население во 2021 година изнесува само 0,28%. Тоа значи дека општина се одликува со позитивен тренд во развојот на образовната структура, така што денес има значително квалитетна образовната структура на населението.

**Природното движење на населението** е тесно зависно од одликите на наталитетот, морталитетот и виталниот индекс на населението (Маџевиќ М. 2007).

Наталитетот го означува раѓањето во една популација и претставува основна позитивна компонента на природното движење на населението. Во општина Делчево стапката на

наталитетот во периодот 2018-2022 година, постојано се намалува. Овој тренд се забележува подол период.

| Т-03: Родени деца, живододени деца според полот, брачната состојба и местото на раѓање<br>T-03: Births and live births according to sex, marital status and place of birth | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно родени | Живородени / Live births | | | | | | | | Municipality |
| | | вкупно живородени | пол / Sex | | брачна состојба / Marital status | | место на раѓање / Place of birth | | | |
| | | | машки | женски | во брак | вон брак | во здрав-ствена институција | на друго место / Elsewhere | | |
| | Total births | Total live births | Male | Female | Legitimate | Illegitimate | In medical institution | со стручна помош<br>attended by health personnel | без стручна помош<br>not attended by health personnel | |
| 2022 | | | | | | | | - | - | |
| 2021 | 100 | 100 | 51 | 49 | 90 | 10 | 100 | - | - | |
| 2020 | | | | | | | | - | - | |
| 2019 | | | | | | | | - | - | |
| 2018 | | | | | | | | - | - | |

Морталитетот претставува негативна компонента на природното движење на населението, која се однесува на бројот на умрени лица во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Делчево во периодот од 2018-2022 година стапката на морталитетот има тенденција на намалување за наведениот период. Исклучок се годините на Ковид пандемијата каде бројот на умрени лица значително беше повисок во однос на периодот пред пандемијата.

| Т-03: Умрени и умрени доенчиња во 2022 година<br>T-03: Deaths and infant deaths, 2022 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општини** | Вкупно<br>Total | | Умрени доенчиња<br>Infant deaths | | Лекувани пред смртта<br>Medically treated before death | | Умрени во здравствена установа<br>Deaths in medical institution | **Municipalities** |
| | вкупно<br>Total | машки<br>Male | вкупно<br>Total | машки<br>Male | вкупно<br>Total | доенчиња<br>Infant | | |
| **2022** | | | - | - | | - | | |
| **2021** | **263** | **145** | - | - | **162** | - | **87** | |
| **2020** | | | - | - | | - | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | | | **-** | **-** | | **-** | | |
| **2018** | | | **-** | **-** | | **-** | | |

Природниот прираст претставува најважен демографски елемент кој ја покажува разликата меѓу родените (наталитет) и умрените лица (морталитет) во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Делчево стапката на природниот прираст на населението постојано се намалува и тоа од 12,1 промили во 1961 г. до -9,3 промили во 2002 г. Тоа значи дека општината е во фаза на голема депопулација.

**Поимот миграции** подразбира просторно движење и територијално преразместување на популацијата, односно преселување на населението од едно место на друго. Миграционите движења во областа Делчево повеќе се карактеризираат со процесите на емиграција, а помалку со имиграција.

**Имиграција.** Доселувањето на населението во општина Делчево е незначително, односно според податоците во просек годишно се доселуваат по околу 50 лица (главно станува збор за лица повратници од поголемите градски центри Скопје и Западно Европските Земји).

Покрај доселувањето од други општини, може да се забележи дека имаме движење на населението од едно на друго место во рамките на самата општина.

Причините за ваквото преразместување на населението од едно на друго место, во рамките на истата општина се нееднаквите физичко- географски услови на целокупната територија на општината, а со тоа и тешките економски услови особено во повисоките населени места од каде најчесто населението мигрира или се доселува во градот Делчево кој претставува административен центар на општината, но се доселуваат и во другите рамничарски населени места, каде владеат подобри услови за стопанисување, подобра патна инфраструктура и се поблиску до административниот центар.

Од теренските сознанија се констатира дека во доселеното население доминираат женските лица. Главна причина е склучувањето на брак.

**Емиграција.** Процесот на иселување на населението од одредено место уште се нарекува и емиграција. Емиграцијата мошне застапена во областа Делчево особено во повисоките населени места каде има лоша патна и институционална инфраструктура и каде природните услови се неповолни за стопанисување. Просечно годишно од општината Делчево емигрираат по околу 70 лица. Главните правци на емиграција се насочени кон урбаните центри како што е Скопје.

Емиграцијата во рамките на општинските граници главно се одвива она руралната средина кон административниот центар на општината, односно во градот Делчево.

Според податоците се забележува дека во емигрантите поголемо учество има женското население кај кое една од главните причини за отселување е склучувањето на брак.

Според возраста најмногу се отселува работоспособното население од 15-64 години, кое најчесто е со повисоки образовни квалификации. Тоа предизвикува намалување на и продуктивноста во производствените процеси и општиот развој на општината.

## Пазар на трудот

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила во Општина Делчево се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

**Активноста на населението** е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, вработени и невработени лица, неактивно население и непознато.

Попис на население 2021 година

| Работоспособно население на 15 години и повеќе | Број | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Работоспособно население - лица | 6474 | 3334 | 3140 |
| Активно население | 3194 | 1832 | 1362 |
| Активно население - вработени | 2796 | 1645 | 1151 |
| Активно население - невработени | 398 | 187 | 211 |
| Неактивно население | 3201 | 1464 | 1737 |
| Непознато | 79 | 38 | 41 |

Во следните табели дадени се анализи на активно население – невработени во следните категории: застапеност во урбана и рурални средини, возрасна структура, школска подготовка, време на чекање на вработување, национална структура и невработени инвалидни лица според возрасна структура и школска подготовка.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 721 | 354 | 892 | 481 | 798 | 434 | 646 | 358 | 602 | 323 |
| Град | 199 | | 247 | | 201 | | 163 | | 156 | |
| Село | 531 | | 645 | | 597 | | 483 | | 446 | |
| Процент град | 27,60 | | 27,70 | | 25,19 | | 25,23 | | 25,91 | |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица е поголем во руралните средини – селата во однос на урбаната средина – градот. Во анализираниот период (2019-2023 година) има благо зголемување на бројот на невработени во селата во однос на градот (1,69%).

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 721 | 354 | 892 | 481 | 798 | 434 | 646 | 358 | 602 | 323 |
| Невработени лица според возрасна структура | | | | | | | | | | |
| 15-19 | 5 | 1 | 8 | 4 | 12 | 7 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| 20-24 | 58 | 26 | 76 | 35 | 61 | 36 | 40 | 25 | 39 | 20 |
| 25-29 | 91 | 45 | 93 | 58 | 79 | 42 | 47 | 28 | 39 | 24 |
| 30-34 | 87 | 45 | 77 | 44 | 79 | 46 | 74 | 50 | 62 | 43 |
| 35-39 | 52 | 30 | 77 | 46 | 72 | 45 | 63 | 35 | 65 | 32 |
| 40-44 | 76 | 52 | 86 | 63 | 82 | 54 | 60 | 42 | 62 | 42 |
| 45-49 | 73 | 39 | 116 | 74 | 97 | 64 | 81 | 47 | 67 | 40 |
| 50-54 | 96 | 47 | 118 | 68 | 103 | 57 | 80 | 47 | 79 | 42 |
| 55-59 | 106 | 49 | 114 | 57 | 106 | 54 | 101 | 57 | 101 | 57 |
| 60 | 80 | 20 | 127 | 32 | 107 | 29 | 97 | 26 | 88 | 23 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица е во опаѓање по завршување на пандемијата КОВИД 19. Бројот на невработени жени е поголем во однос на невработените мажи. Во однос на возрасната структура околу 44,52 % се невработени лица постари од 50 години.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 721 | 354 | 892 | 481 | 798 | 434 | 646 | 358 | 602 | 323 |
| Невработени лица според школска подготовка | | | | | | | | | | |
| Без образование и со основно образование | 214 | 98 | 280 | 151 | 257 | 141 | 213 | 118 | 203 | 107 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Непотполно средно образование | 101 | 45 | 131 | 59 | 114 | 57 | 90 | 44 | 81 | 36 |
| Завршено средно образование | 302 | 146 | 364 | 190 | 331 | 166 | 261 | 138 | 245 | 124 |
| Више образование | 10 | 6 | 12 | 4 | 9 | 3 | 8 | 2 | 5 | 2 |
| Високо образование | 83 | 51 | 97 | 70 | 83 | 63 | 72 | 54 | 66 | 53 |
| Магистри на науки | 10 | 7 | 8 | 7 | 4 | 4 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| Доктори на науки | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица без образование и со основно образование, како и со непотполно средно образование е 284 лица, односно 47,18%.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 721 | 354 | 892 | 481 | 798 | 434 | 646 | 358 | 602 | 323 |
| Невработени лица според време на чекање на вработување | | | | | | | | | | |
| Под 1 месец | 28 | 10 | 29 | 14 | 24 | 12 | 22 | 12 | 52 | 31 |
| Од 1 до 5 месеци | 111 | 58 | 173 | 103 | 117 | 61 | 115 | 66 | 85 | 40 |
| Од 6 до 11 месеци | 60 | 32 | 163 | 90 | 96 | 65 | 73 | 47 | 67 | 38 |
| Од 12 до 17 месеци | 35 | 17 | 84 | 47 | 94 | 55 | 44 | 21 | 40 | 25 |
| Од 18 до 23 месеци | 30 | 10 | 36 | 21 | 88 | 50 | 33 | 22 | 25 | 9 |
| 2 години | 59 | 32 | 43 | 19 | 69 | 38 | 87 | 52 | 59 | 38 |
| 3 години | 47 | 28 | 48 | 28 | 33 | 12 | 49 | 27 | 73 | 43 |
| 4 години | 44 | 25 | 29 | 19 | 28 | 15 | 19 | 4 | 20 | 7 |
| 5 до 7 години | 116 | 53 | 113 | 61 | 91 | 48 | 56 | 33 | 43 | 22 |
| 8 години и повеќе | 191 | 89 | 174 | 79 | 158 | 78 | 148 | 74 | 138 | 70 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица кои чекаат на вработување повеќе од 4 години е 201 лице, односно 33,39%.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 721 | 354 | 892 | 481 | 798 | 434 | 646 | 358 | 602 | 323 |
| Невработени лица според национална припадност | | | | | | | | | | |
| Македонци | 691 | 338 | 859 | 465 | 765 | 415 | 622 | 344 | 576 | 309 |
| Албанци | 26 | 13 | 28 | 13 | 28 | 16 | 20 | 11 | 21 | 11 |
| Турци | 3 | 2 | 4 | 2 | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Власи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица од македонска и албанска националност бележи опаѓање, но бројот на невработени лица од турска и српска националност е иста.

| | 2022 | |
|---|---|---|
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 646 | 358 |
| Инвалидни невработени лица според вид на инвалидност | 18 | 3 |
| | 2022 | |
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 646 | 358 |
| Невработени инвалидни лица според старосна структура | 18 | 3 |
| 15-19 | 0 | 0 |
| 20-24 | 1 | 1 |
| 25-29 | 1 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 30-34 | 2 | 0 |
| 35-39 | 0 | 0 |
| 40-44 | 1 | 0 |
| 45-49 | 3 | 0 |
| 50-54 | 4 | 0 |
| 55-59 | 2 | 1 |
| 60 | 4 | 1 |
| | 2022 | |
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 646 | 358 |
| Невработени инвалидни лица според школска подготовка | 18 | 3 |
| Без образование и со основно образование | 6 | 1 |
| Непотполно средно образование | 4 | 2 |
| Завршено средно образование | 7 | 0 |
| Више образование | 1 | 0 |
| Високо образование | 0 | 0 |
| Магистри на науки | 0 | 0 |
| Доктори на науки | 0 | 0 |

Според податоците дадени за 2022 година, невработените инвалидни лица ги има во сите возрасни групи,

***Пензионирање***

Согласно демографските податоци, Делчево е општина со повозрасно население. Бројот на пензионери пред 10-на години изнесуваше околу 1800. Според податоците кои ги добивме од Здружението на пензионери Делчево, аклучно со 15.06.2023 годинаво Општина Делчево има 1480 пензионери од кои 820 се мажи и 660 се жени.

**Економски аспект**

Економските карактеристики на Општина Делчево се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: број и структура на

компаниите (по индустрија, по големина), туристички потенцијали и туристичка инфраструктура, земјоделски ресурси и производи, шуми, минерали, рударство.

Бројот и структурата на компаниите (по индустрија, по големина) дадени се во следната табела:

| **Вид на индустрија** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Вкупно | 233 | 233 | 239 | 231 | 219 | 203 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 31 | 28 | 28 | 29 | 28 | 28 |
| Рударство и вадење на камен | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| Преработувачка индустрија | 23 | 22 | 26 | 29 | 25 | 21 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | | | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Снабдување со вода;отстранување на отпадни води, управување со отпад, санација на околината | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Градежништво | 8 | 10 | 11 | 12 | 10 | 6 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и и мотоцикли | 65 | 64 | 61 | 56 | 57 | 54 |
| Транспорт и складирање | 34 | 34 | 36 | 30 | 31 | 33 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 24 | 25 | 24 | 22 | 19 | 19 |
| Информации и комуникации | | | | 1 | | |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | | 1 | | | | |
| Дејности во врска со недвижен имот | | | | | | |
| Стручни, научни и технички дејности | 9 | 11 | 12 | 11 | 10 | 11 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Јавна управа и одбрана ;задолжително социјално осигурување | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Образование | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 19 | 18 | 19 | 15 | 17 | 17 |
| Уметност, забава и рекреација | 3 | 4 | 5 | 6 | 4 | 3 |
| Други услужни дејности | 6 | 6 | 5 | 9 | 8 | 2 |

Од дадените податоци се гледа дека вкупниот број на активни компании од 2020 година е во опаѓање (помалку 16 компании во 2021 година во однос на 2020 година) и истото е во

преработувачката индустрија, градежништвото, трговијата на големо и мало и други услужни дејности.

Бројот на компаниите (по големина) дадени се во следната табела:

| Општина | година | микро | мали | средни | големи | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 2020 | 142 | 72 | 5 | 0 | 219 |
| | 2019 | 159 | 67 | 5 | 0 | 231 |
| | 2018 | 164 | 70 | 5 | 0 | 239 |
| | 2017 | 160 | 68 | 5 | 0 | 233 |
| | 2016 | 166 | 63 | 4 | 0 | 233 |

Од дадените податоци се гледа дека вкупниот број на активни микро компании од 2016 година до 2020 година е во опаѓање, но во истиот период има зголемување на бројот на активни мали претпријатија.

***Економски инвестиции***

| Ред. бр. | Име на фирма | Населно место | Основна дејност | Број на вработени + сез. раб. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |

### 8.2.1 Културни настани во општината

Секоја година Локалната самуправа и културните институции подготовуваат програма за работа со која се испланирани сите тековни културни настани, Програма за одбележување настани и културни манифестации [22] , Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“ и програма за работа на НУЦК “Никола Јонков Вапцаров”. Дополнително културни активности се организираат и согласно националните програми за култура и индивидуални настани на културни работници.

- Обичај под маски Сурова ; 14-ти Јануари
- Ден на раѓањето на Гоце Делчев ; 4-ти Февруари
- Февруарски поход ; втора половина на февруари;
- Априлијада ; 1-ви Април
- Велигденска изложба ; Велики Петок

[22] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/programa-za-kultura-2020-1.pdf

- Одбележување на денот на смртта на Гоце Делчев ; 4-ти Мај
- Одбележување на денот на ЕУ ; 9-ти Мај
- Ден на Разловечкото востание, 20-ти Мај;
- Одбележување на денот на сесловенските просветители ;24 Мај
- Одбележување на Илинденско востание ;2-ри Август
- Делчевско лето ; јуни-септември
- Голачки фолклорни средби (ГФС), 8-ми Август;
- Пијанечко – Малешевска свадба со Меѓународен фолклорен фестивал ; средина на Септември
- Денови на Пијанечката слива ; почеток на Септември
- Ден на ослободувањето на Делчево, 7-ми Септември;
- Ден на независноста на Македонија ; 8-ми Септември
- Ден на востанието на македонскиот народ и ден на борецот, 11-ти Октомври;
- Ден на Македонската револуционерна броба ; 23 Октомври
- Новогодишна програма ; 20-ти Декември – 15-ти Јануари

11. Културно и природно наследство

Делчево може да се гордее на своето културно-историско наследство најмногу благодарение на градбите кои покрај тоа што оставиле белег во современата македонска историја, се и вистински репрезенти на културата препознатлива за населението во Пијанец. Според евиденцијата во Регистарот на културно наследство на Управата за заштита на културното наследство на Македонија (УЗКН) заклучно со 30 септември 2014 година, вкупно за културно наследство во државата се прогласени 1235 објекти и места. Меѓу општините кои имаат заштитени споменици на културата е и Општина Делчево. Тоа се црквите Св.Цар Константин и Царица Елена во село Разловци, Света Петка во село Селник и Св.Архангел Михаил во село Драмче.

***Цркви во општината***

- Успение на Св. Богородица – Делчево;
- Св.Ѓорѓи- с.Град;
- Св. Петка Параскева - с.Селник;
- Св.Богородица- с.Тработивиште;
- Св. Атанасиј - с.Нов Истевник;
- Св. Никола -с.Стар Истевник;
- Св.Архангел Михаил-с.Драмче;
- Св. Пантелејмон - Голак;
- Св.Цар Костадин и царица Елена - с.Разловци;
- Св.Никола- с.Вирче.

***Манастири***

- Св.Богородица - Источен петок - Балаклија(манастирски комплекс);
- Покровна Богородица ( манастирски комплекс), ревитализиран - недовршен;
- Св.Ѓорѓи - с.Вирче;
- Св.Илија - с.Ѕвегор;
- Св.Петка - с.Црквенец.

***Џамии***

- Џамија во Делчево;
- Џамија во с.Град;
- Џамија во с.Тработивиште;

- Џамија во с.Звегор;
- Џамија во с.Габрово;

Заштитен споменик на културата е црквата св. Петка во с. Селник, која датира од XVI век.

***Некои легенди:***

- За настанокот на името „Пијанец" - се претпоставува дека името „Пијанец" е поврзано со растението „пијавец"кое растело во р'жта и пченицата;
- Легенда за пиење на пијалокот од растението „пијавец";
- Легенда за името на месноста „Илин Камен" во село Ѕвегор а поврзано со името на убавата мома Илина;
- Легендата за Голак;
- За Лилјанин дол во с.Тработивиште и др.

***11.1 Споменици на природата***

- Место викано„Кукуље" во с.Нов Истевник;
- Место викано„Кукуље" во с.Тработивиште;
- Ѓурѓов даб во с.Вирче;
- Ѓурѓово Дабје со црковен камен во с.Драмче;
- Благун Даб во с.Разловци;
- Пештера во с.Киселица,неистражена;
- Илин камен во с.Ѕвегор.

***11.2 Археолошки наоѓалишта***

- Могила кај с.Очипала, пронајдена е погребна кочија и е сместена во музејот во Штип;
- Могила кај с.Ветрен, истражена;
- Могила кај с.Вирче,истражена;
- Могила кај с.Бигла, истражена;

(пронајдените зачувани примероци се сместени во Археолошко- етнолошката поставка сместена во НУЦК``Н.Ј.Вапцаров`` - Делчево.

- Постојат неистражени могили во селските населби-Драмче, Косово Дабје, Истевник, Петрашевец,Илиово и др.
- Енеолитското наоѓалиште- Локалитет Градиште во с.Град, делеумно е истражено, а конзервираните примероци се сместени во Археолошко - етнолошката поставка.

Бројот на такви локалитети во Делчевско изнесува околу 15 и тоа во селата: - Ѕвегор, Град, Чифлик (Кулата), Моштица, Тработивиште, Разловци,Вирче, Илиово, Очипала, Олшан град и Каменица. Најголемите и најглавните се наоѓале во М.Каменица (Калата) и во с.Град (Градиште).

- Римски погребувања во Пијанец (Истражени локалитети с.Очипала и с.Драмче)
- Кај местото викано „Грамади" во атарот на с.Разловци постои селска населба од средниот век. Вршени се археолошки ископувања во 2004 година.
- Траги од праисториска населба со керамички фрагменти има кај месноста Чука.

Црквата "Св.Великомаченик Ѓорѓи" во село Бигла е изградена во 1910 година од кал и камен.

Градена е од тамошните Православни верници, но поради долгиот временски период а и поради слабата градба со време ѕидовите попуштиле и кровот пропаднал, и покрај тоа што населението неколку пати ја препокривале и ги санирале ѕидовите, сепак неможеле да ја заштитат доволно.

Бидејки таквата градба има пократок век таа попуштила и црквата се срушила. По површина таа зафаќа простор од 12x8 метри должина-ширина.
Поради нејзиното паѓање а се со цел да не се оштетат иконите, на ден 14.05.2001 година со записник и знаење на тамошните црковни настојатели, иконите и се друго било пренесено во црквата Цвета Богородица во Делчево. Бидејки верниците сакаат да има православна црква, се превзема инцијатива за изградба на нова црква. Новата црква треба да биде поставена на ново место викано "коренчето", место кое е поклонето од повеке сопственици за градба на нова црква.

***<u>Црква „Св. Цар Константин и Царица Елена" во Разловци</u>***

Сместена во село Разловци, оваа црква покрај верската улога и значење одиграла и улога на историска школа за најразличните револуционерни и останати дејци од овој крај.Податоци за нејзината изградба датираат од 1860 година.

Црквата „Свети цар Константин и царица Елена" во с. Разловци е изградена во 1850 година, но според мештаните оваа црква е уште постара. Карактеристично за црквата е што има фреска на која е претставен ликот на поп Стојан, предводник на Разловечкото востание, кој оставил длабоки траги во историјата на овој крај, но и Републиката. Интересно е што за портата на црквата биле изработени два големи клуча, а со едниот од нив и ден денес се отвара оваа црква.

Селото Разловци, во кое се наоѓа оваа црква, е со големо историско значење за македонскиот народ. Познато е по Разловечкото востание од 1876 год. кое иако било неуспешно претставува прва поорганизирана и политички осмислена манифестација на вооружен отпор против турската власт во Македонија.

Тоа е село е од збиен тип со релативно зачувана селска архитектура. Сместено е во многу убава природа и е погодно за развој на селски туризам. Во близина на селото се наоѓаат и познатите свети извори, покрај реката Брегалница. Посебно обележје на селото се колибите каде што селаните ја чуваат стоката и ги складираат плодовите од земјоделието.

Црква "Св.Архангел Михаил" од село Драмче

Центар на црковниот и просветниот живот во Драмче и неговата околина била црквата „Св. Архангел Михаил" што се наоѓа кај Старѐто Село, позната како Шарена црква. Оваа црква градена според народното предание врз темелите на големата црква „Св. Богородица" од VI-VII век.

Била разрушена до темел, во исто време, кога биле опустошени и црквите во Црквенец , Селник и др. населби.

Не е познато кога точно е градена оваа црква. Се претпоставува дека е средновековна, од XI век. Целата внатрешност била со прекрасен фрескоживопис. Црквата е еднокорабна и е градена со камен и оросан и покриена со камен.

И покрај преземените мерки за заштита, таа во неколку наврати била опожарувана од страна на Османлиите.

Во својот труд (во ракопис) „Црквите и манастирите во Ѕвегорската и Делчевската парохија “, парохот Александар Васев наведува дека се мисли оти црквата е градена во крајот на 17 и почетокот на 18 век. Градена е во поствизантискиот период. Претстолните икони ги насликал Григорие Пецанев од Струмица.

На Св. Двери е запишана годината 1841, како и на иконостасот и самата црква, а се мисли дека се градени многу порано.

Црквата „Св. Архангел Михаил" се наоѓа на местото Еремија и е една од највредните споменици на културата во Пијанец заштитена со Законот за заштита на културното наследство.

Тука, секоја година, со векови, се собираат драмчани и мештаните од околните села од целиот регион како и градот Делчево. Палат свеќи за здравје и колат курбан. Во непосредна близина на црквата се наоѓаат остатоците од првото училиште во Драмче кое било отворено 1869 година. Покрај учениците од Драмче, училиштето го посетувале и деца од соседните населби.

Први наставници биле свештениците. Драмче има богат црковен, но и просветен живот. Настава во ова училиште се изведувала сè до 1922 година, кога по изградбата на новата училишна зграда, тоа престанува со работа. Во близина на училиштето се изгради нова современа училишна зграда во која настава има сè до 2008 год.

Поради малиот број на ученици (само 3), училиштето, по полни 140 години, престана со работа. Со тоа згаснаа вековните просветни традиции во Драмче.

Црквата Св. Архангел Михаил е неколку пати горена , па иако целата била во фрески тие се наполно уништени, само постојат знаци под горниот слој кои укажуваат дека некогаш на ѕидовите постоеле фрески.

Оштетувањата на внатрешните ѕидови на црквата се видливи и денеска и доколку не се превземат активности за нејзино реставрирање и конзервација постои опасност истата да се оштети уште повеќе:

***Угостителски објекти***

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на Општина Делчево постои развиена ресторанска мрежа, која преку бројноста и разновидноста на објектите во голема мера ги задоволува постоечките потреби на туристите и притоа позитивно влијае врз туристичката вонпансионска потрошувачка.

Покрај ресторaните кои функционираат во рамките на сместувачките објекти, постојат уште неколку други класични ресторани, пицерии и кафе барови. Покарактеристичните угостителски објекти, каде што се служи храна и пијалоци во општината Делчево се лоцирани во градот Делчево и планинат Голак.

| Угостителски објект | локација / населено место | забелешка |
|---|---|---|
| Ресторан Антика | Делчево | Ресторан со храна |

| | | |
|---|---|---|
| Ресторан „Две липи“ | Делчево | Ресторан со храна |
| Ресторан „Беровец“ | Делчево | Ресторан со храна |
| Пицерија „Палма“ | Делчево | Ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Македонија“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Панорама“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Либеро“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Комплекс „Царевоселски“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Трло“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Сан рајс“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Мотел рсторан „Парк Панорама“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Ресторан „Вигор“ | Делчево | Ресторан со храна |
| Плнинска куќа „Голак“ | Планина Голак | Сместување и ресторан со храна |
| Хотел ресторан „Монополо“ | Делчево | Сместување и ресторан со храна |
| Плнинска куќа „Аспен“ | Планина Голак | Сместување и ресторан со храна |

Искуствата покажуваат дека има потреба од зголемување на ресторанските капацитети.

Може да се констатира дека на територијата на општината изостанува бројноста на специјализирани ресторани кои во традиционални амбиентални услови би нуделе автентични кулинарски специјалитети.

Во Општина Делчево има видливи инвестиции за хотели и ресторани, недостсуваат значајни странски директни инвестиции во туристичка инфраструктура. Во интерес на промовирање и иницирање на позабрзан развој на туризмот во општината, потребно е квантитативно и квалитативно унапредување на сместувачката туристичка понуда.

Уделот на туризмот во вкупниот прилив на услуги е минорен, а бројот на вработените во хотели и ресторани е околу 100 лица. Се забележува дека многу малку или воопшто нема податоци за бројот на вработени, бројот на туристи и ноќевања, остварените финансиските резултати од хотелско угостителската дејност, платите на вработените во секторот и податоци за нивниот придонес во локалните и централните јавни приходи.

**ЗЕМЈОДЕЛИЕ**

Во голема мера населението во Делчево се занимава со земјоделство. Исто така, треба да се напомене, дека и голем број од населението, покрај постојано вработување во приватни или јавни институции, имаат и дополнителна дејност во земјоделието. Земјоделското земјиште зафаќа 46% од вкупната површина на општина Делчево. Според својата географско-топографска положба, поволни климатско- почвени услови, расположливи пасишта и ливади, општината располага со предуслови за развој на овоштарството и сточарството. Како и во поголемиот број на општини во Република Македонија, индустрискиот развој и процесот на глобализација во последната деценија водат кон силна депопулација на руралните средини. Покрај овие клучни фактори, една од основните причини за напуштањето на руралните области е и немањето на основна социјална инфраструктура за обезбедување на соодветен квалитет на живот во нив. Интересно е и тоа што во изминатите неколку години се случуваат и

обратни процеси кај дел од населението, кое заради егзистенцијални потреби се враќаат во селата и се занимаваат со земјоделство, овоштарство и сточарство.
Овие земјоделци претежно се ориентирани кон земјоделски и овоштарство, производство на храна и тоа во главном за задоволување на сопствените потреби, а многу мал дел за локален

| | 2023 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пченица | Јачмен | Пченка | Сончоглед |

пазар. Нема организиран облик на земјоделско производство, односно нема капацитет за снабдување на локалните маркети и трговци на големо освен во делот на прехрамбената индустрија каде „Рудине“ АД ги снабдува маркетите со сирење и кашкавал. Воведувањето на стандарди и дефинирани процедури од една страна и немањето на доволно капацитети кај локалните производители за имплементација на овие стандарди и нивна сертификација влијае директно врз бројот на регистрирани индивидуални земјоделци и производители на храна. Интервенција на овој сектор на локално ниво, со оглед на извонредните еколошки услови, во делот на еко-производи, био-фарминг и слично ќе води кон подобрување на квалитетот на храната и зголемување на локалниот приход од земјоделието, со тенденција на ширење на пазарот. Од развојот на реафирмација на селото ќе зависи во огромна мера и развојот на градот. Тоа ќе се постигне со низа на мерки од областа на развивање на социјалната и комуналната инфраструктура во селските населби.

| | **2017** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Земјоделска површина** | **Вкупна обработлива површина** | **Ораници и бавчи** | **Овошта рници** | **Лоз ја** | **Лива ди** | **Пасиш та** |
| **Делчево** | 20 756 | 10 225 | 8 815 | 619 | 8 | 783 | 10 531 |

*Табела 29,земјоделски површини, извор* *http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=5*

| | |
|---|---|
| Обработливо земјоделско земјиште(приватна сопственост) | |
| Ораници и бавчи | 8,679ха |
| Овоштарници | 626ха |
| Лозја | 8 ха |
| Ливади | 782 ха |
| Вкупно | 10.095ха |
| Обработливо земјоделско земјиште(државна сопственост) | 683ха |

*Табела 30, обработливо земјиште во приватна и државна сопственост*

*Табела 31, Засеани површини и производство на пченица, јачмен, пченка и сончоглед Извор: ПЕ на МЗШВ, Делчево*

| | Засеана површина во хектари | Засеана површина во хектари | Засеана површина во хектари | Засеана површина во хектари |
|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 829 | 1 008 | 709 | - |

| | 2023 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Цреши | Вишни | Кајсии | Дуњи | Јаболка | Круши | Сливи | Праски | Ореви | Бадеми |
| Делчево | 4 755 | 207 770 | 1 555 | 625 | 25 285 | 15 740 | 156 340 | 900 | 7 055 | - |

*Табела 32. Број на овошни стебла*

***Лов и риболов***

Ловиште Голак
Ова ловиште се наоѓа во крајниот источен дел од нашата држава и е дел од Влаинско малешевското ловностопанско подрачје реон Делчево. Тоа е востановено како ловиште за крупен дивеч и се простира на површина од речиси 14.000 ха. Според многу параметри ова ловиште кое е лоцирано јужно од градот Делчево е најдоброто ловиште во овој ловен реон. Концесионер на ова ловиште е ЛД "Острец"од Делчево, но нивниот Договор за концесијаистекува во текот на оваа година. Пристапот до ловиштето е лесен и брз, со оглед на тоа што низ него минуваат магистралниот патен правец М5 (Штип Делчево) и регионалниот патен правец кој ги поврзува градовите од источниот дел од нашата држава Струмица - Берово Делчево. Во негова непосредна близина се наоѓа и граничниот премин "Делчево", така што и пристапот од соседна Бугарија не претставува никаков проблем. Благодарение на густата мрежа од сообраќајници од разни категории која се наоѓа на просторот на ловиштето, пристапот до ловните терени во ловиштето од градот Делчево е многу лесен и брз.
По општата физиономија ова е типично ридско-планинско ловиште. Низ централниот дел од ловиштето протекува реката Брегалница која го дели на два дела, западен кој е дел од источните падини на планините Голак и Обозна, и источен кој е дел од планината Бајаз Тепе. Иако високите делови од ловиштето се силно развиени, со мали исклучоци движењето по нив не претставува проблем. Најголем дел од ловиштето е прекриено со шуми, кои се претежно дабови и букови, но како резултат на интензивните пошумувања во минатото во него постојат и разни зимзелени иглолисни насади. Покрај под шуми значителен дел од ловиштето е и под ливади, пасишта и ниви, што секако дека има многу позитивно влијание врз дивечот. Ваквата речиси идеална структура на површините, составот на шумите, одличната местоположба и развиеност на релјефот, овозможува тоа да е богато со разни видови на дивеч, па така во него освен крупен дивеч може да се лови и ситен дивеч.

Повисоките делови од ловиштето се богати со дива свиња и срна, кои поради големата бројност не ретко може да се сретнат и во неговите пониски делови. За богатството со дивеч влијание покрај поволната клима и прехрамбениот потенцијал, секако дека имаа и близината со соседна Бугарија од каде често на наша територија се префрлаат голем број на срни и диви свињи. Близината на границата има влијание и врз чувањето на дивечот, така што чести се патролите на пограничната полиција, па во ловиштата од овој регион криволовот е сведен на минимум. Во пониските делови од ловиштето, посебно во подножјето на планините постојат одлични услови за зајакот, поради што тука е дозволен негов лов. Покрај него, од ситниот дивеч во тесен појас по течението на река Брегалница се сретнува и полската еребица, па така ловната понуда во ова ловиште е збогатена и со овој вид на дивеч. Кога станува збор за ова

ловиште за одбележување е близината на спортско- рекреативниот центар "Голак" во чиј состав се наоѓа и одморалиштето "Голак".

Риболов.

| | HCA“ Bravura Kooperativa“ | Aleksandar Nikolov | | | Help for persons with special needs |
| | ЕД “Голак“ | Валери Спасевски | 071 802031 | valerispasevski@yahoo.com | Екологија |
| | EA “Dozdovnik“ | Valeri Spasevski | | | Ecology |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | ЗГ “Аронија“ | Фиданчо Христов | 075 598 206 | aronija_delcevo@freemail.com.mk | Органско земјоделие |
| | CA “Aronija“ | Fidanco Hristov | | | Organic agriculture |
| | КУД “Гоце Делчев“-Делчево | Зенил Реџепов | 070 537 544 | kud_goce_delcev@yahoo.com | Култура и традиција |
| | CAA “Goce Delcev“-Delcevo | Zenil Redzepov | | | Culture and tradition |
| | Жена | Розета Такева | 078304967 | trozeta@yahoo.com | Права на жените |
| | Zena | Rozeta Takeva | | | Women's rights |
| | РКЕЦ „Тернипе“ | Ермина Реџепова | 071428562 | ternipemk@gmail.com | Интеграција на Роми |
| | ЗМ „Локален младински совет “ | Димитар Димитровски | 076279048 | lmsdelcevo@gmail.com | Застапување на млди |
| | ЗГ „АЗМ “ | Кирчо Анастасов | 079329300 | Youthaction.de@gmail.com | Поттикнување на младинскиот активизам |
| | Природна перспектива | Борче Димитровски | 078228046 | naturalperspective.csp@gmail.com | Животна средина |
| | ЗФГ Кпачка | Перса Стојановска | 70 917 038 | **kopackadramce@yahoo.com** | Култура |
| | | | | | |

Општ заклучок е дека невладините организации повремено се активни. Нивната активност е тесно поврзана со финансиски средства (финансиска поддршка) за реализација на нивните програмски активности. Поради тоа потребно е да се обезбеди финансиска поддршка за реализација на програмските цели, согласно надлежностите и приоритетите на општината.

**МЕДИУМИ ЗА МАСОВНА КОМУНИКАЦИЈА**

Средствата за масовна комуникација во современите општествени промени, особено во ерата на глобализацијата која е потпомогната со техничко-технолошката експанзија и масовната култура, се повеќе заземаат централно место во формирањето на јавното мислење за низа значајни прашања од општествено-политичкиот, економскиот и културниот живот. Иако за разлика од пред една деценија во Делчево намален е бројот на традиционални медиуми како што се телевизија, радио и весници, сепак се зголемува бројот на електронски онлајн медиуми. Делчево нема локална телевизија, но преку допсиници содржини од општината може да се најдат на двете регионални телевизии ТВ Стар и ТВ Ирис кои се со седиште во Штип. Во поглед на националните медиуми од градот има дописник само за Македонската информативна агенција додека за националните телевизии не е формирана дописничка мрежа.  Од останати медиуми кои се со седиште во општината функционира локалното радио Радио „Зора“ и локалните портали „Делчево365“, „Брегалнички“ и „Делчево Денес“.

**ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ**

Општина Делчево долги години успешно ја негува соработката како со збратимените градови така и со други градови – општини од странство: Благоевград (Бугарија), Невестино (Бугарија), Разлог (Бугарија) и Тернопил (Украина). Со градовите Симитли и Благоевград од Бугарија и Јагодина од Србија, општина Делчево е збратимена уште во првата половина на осумдесетите години, но за тоа не постојат официјални податоци. Општина Делчево е членка на Еврорегионот Морава-Пчиња-Струма и Светската урбана алијанса На патот на свилата.

| **Град** | **Држава** |
|---|---|
| Симитли | Бугарија |
| Жирардов | Полска (2002) |
| Благоевград | Бугарија |
| Валени де Мунте | Романија (2015) |
| Фелшожолца | Унгарија (2012) |
| Борнова | Турција (2004) |
| Јагодина | Србија |
| Вижгород | Украина (2002) |
| Горажде | Босна и Херцеговина (2018) |

## Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија

### Заштита на животната средина

Животната средина во општина Делчево во основа се карактеризира со сочуваност, природност и еколошка рамнотежа. Природната ограденост со планини, недопрената природа и слабата населеност допринеле за зачувување на животната средина и природните реткости на ова подрачје .

Заштитата на животната средина претставува еден од клучните сегменти за локалниот развој на заедницата. Нејзините карактеристики се придобивки на заедницата кои ги наследува, користи, но и отстапува на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е значаен фактор кој го унапредува квалитетот на живеење како на сегашните, така и наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е во функција на развој на економијата, посебно на туризмот. Со користење на обновливи извори на живот се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективите во областа на економијата, а со тоа и на вработувањето.

Природното наследство содржи развојна и културно - морална димензија.

Состојбите на животната средина се однесуваат на тоа во која мерка успеваме да се справиме со депонирањето на комуналниот отпад, но и други отпадни материи, квалитетот на водата, воздухот и почвата и заштитата на вредностите на природата.

### Управување со отпад

Во Општина Делчево има 1 активна времена депонија со површина од 1,8ха кај место викано „Острец“ североисточно од градот Делчево на оддалеченост од 5,5 км од населбата Милково Брдо. За оваа депонија е добиена согласност за времено депонирање на комунален отпад од

страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Заради долгиот временски период на користење на депонијата, истата почна да представува сериозен проблем. Депонијата е делумно оградена (неоградена е кај влезот на депонијата околу 20м) и истата има чуварска служба со 4ч на ден во работни денови. Отпадот кој се депонира повремено се третира со земјена покривка, заради што во последните 3 години често е запалена (посебно во летниот период) и претставува сериозен безбедносен проблем од повеќе аспекти.

До депонијата води земјен пат кој е тешко достапен за жителите од Делчево кои сакаат сами да го носат отпадот од домакинствата.

Состојбата е слична и со дивите депонии на подрачјето на општината. Состојбата со депониите налага оптимално решавање на проблемот. Пред се се мисли како на примарна селекција на отпадот, но и на организирано подигнување на отпадот од што поголем број на населени места во општината.

Општина Делчево во соработка со организацијата „Нула Отпад" преку различни проектни активности започна со етапна селекција на отпадот и на неколку достапни локации низ градот Делчево постави различни типови контејнери согласно типот на отпадот кој се собира и тоа: пет контејнери за електричен и електронски отпад и шест за стакло.

**Собран и создаден отпад**

Создаденото количество на отпад и неговото собирање претставува фактор кој ги определува односите во животната средина.

Отпадот се собира од сите домакинства во градот Делчево и приградски населби Басарица и Звегорска река и од селата, со исклучок на селата Стамер, Вирче и Стар Истевник чие што собирање е планирано да отпочне од 2024год.

Од 2020 до 2023 год. е собран околу 8000т комунален и 90т инертен отпад годишно од 4400 домакинства и 320 правни лица.

Податоците се дадени од слободна проценка бидејќи ЈКП нема вага  и не се мери отпадот пред депонирање.

**Водни ресурси**

Хидрографската состојба се однесува на количеството и квалитетот на површински води кои главно зависат од појавата, времетраењето и интензитетот на врнежите.

Површински води во Општина Делчево се реките и вештачките езерата. Најголема река е реката Брегалница, а други поголеми реки во општината се: десните притоки на реката Брегалница - Желевица, Даштица, Репница, Граштица, Ѕвегорска Река и Габровчица и левите притоки -  Лошана, Очипалска река и Туришница. Сите водотеци припаѓаат на сливот на река Брегалница. Вештачко езеро е рекреативносто езеро Сандански.

Значаен потенцијален хидрографски објект во општината е брана Лошана, со зафатнина од 1 100 000 m 3 вода, кај селото Разловци.

Друг значаен изграден хидрографски објект во општината претставува акумулација Петрашевец со зафатнина од 180 000 m3 вода, која се користи за наводнување на обработливите површини низводно од Браната.

Карактеристично е што има изградено канализациони системи за отпадни води во 7 населени места во општината, но не и пречистителни станици за третман на отпадните води. Како последица на тоа има нарушен квалитет на површински води, но и почвата (преку користење на водите за наводнување на земјоделски површини).

Немаме податок за квалитетот на водата на површинските води во општината.

**Почва**

Може да се смета дека Општина Делчево има релативно чисти почви. Загадувачи на почвата се дивите депонии, но и непрочистените отпадни води од домаќинствата и индустријата кои во помала мера се користат за наводнување на земјоделски површини (по течението на реките).

**Воздух**

Во поголемите урбани центри во државата, последнава деценија има сериозно нарушување на квалитетот на воздухот за што свое влијание, покрај стопанските и индустриски капацитети има сообраќајот и загревањето на домаќинствата кои во голем дел користат огревно дрво. Заради малата густина на население во населените места, малиот број на стопански капацитети, како и големите зелени површини во општината и поблиското опкружување на општината, може да се каже дека квалитетот на воздухот во текот на целата година е релативно чист.

На подрачјето на општината не постојат мониторинг станици за следење на квалитетот на воздухот .

**Шумски екосистеми**

Шумите во општина Делчево зафаќаат површина од 27.899 хектари или 48% од вкупната територија на општината. Во структурата на шумите најзастапени е дабовата шума, потоа боровата и на крајот со најмал процент е застапена буковата шума. Шумите се богати со разни лековити билки, шумски плодови и растенија.

Во шумските предели се среќава богат растителен и животински свет, а особено внимание треба да се посвети на загрозените видови: дивата свиња, срната, дивиот зајак, црниот орел, еребицата и бувот.

Најмногу распространети во аграрната структура се шумите со 19,296 ха, а обработуваната аграрна земја со 11,727 ха и пасишта со 7,375 ха.

Релјефните и климатските карактеристики на подрачјето на општината овозможува успешен развиток на повеќе видови дрвја како што се автохтоните: даб (цер, горун, плоскач), црн бор, бука и алохтони дрвни видови како: вајмутов бор, чемпрес, бел бор, дуглазија и други. Застапеноста на видовите на дрвја во хектари во општина Делчево е дадена во следната табела.

Табела 9: Табеларен преглед на застапеност на видови на дрвја во општина Делчево во хектари

| Вид на дрво | Даб | Бор | Бука | Габер | Јасика | Мешовити насади | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Површина во ха | 10406 | 4323 | 4341 | 536 | 561 | 10958 | 31125 |

Овој сооднос обезбедува навистина добри услови за развој на земјоделството и шумарството, а во одредени планински региони за сточарството.

Во однос на сопственоста: 49% од шумите во општина Делчево се приватни, а 51% државни.

Шумите во општина Делчево се дефицитарни со дрвна маса, т.е. потребите за огревно дрво на домаќинствата се поголеми од утврдениот годишен сечив етат.

Со шумските екосистеми управува ЈП за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ подружница шс„Голак“ Делчево.

**Заштита на вредностите на природата**

На територијата на општина Делчево во категоријата на заштитени шуми спаѓаат:
• 7 ha кај с. Тработивиште
• 25 ha над с. Ѕвегор
• 50 ha над с. Разловци
• 160 ha покрај река Брегалница

Планината Голак според Законот за заштита на природни реткости (“Сл. весник на СРМ“ 43/76) и група критериуми е под посебна заштита како предел со посебни природни карактеристики (12.500 ha), со издвоена и заштитена парк – шума “Гоце Делчев”.

На територијата на Општина Делчево, Министерството за животна за природна реткост прогласи три локалитети за кои претходно Општина Делчево во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем, во партнерство со Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), изработи три елаборати за валоризација на природната реткост: спелеолошкиот објект Киселичка пештера, Карактеристичниот геолошки профил кај Ѕвегор и Палеонтолошкиот локалитет Стамер.

Прогласувањето на овие три локалитети за природна реткост ќе придонесе за заштита на значајните локалитети, но и нивно ставање во функција на туризмот која е приоритетна цел во ЛЕР на Општина Делчево. Општина Делчево планира наредниот период да изработи

елаборати и да поднесе апликации за валоризација и за локалитетите: Кукуље кај с. Нов Истевник и пештерата Коњска дупка кај с. Град.

**Енергетска ефикасност**

Во тек е изработка на Стратегија за енергетска ефикасност за период 2023-2025 со поддршка на ХАБИТАТ-Македонија која треба да придонесе за планско управување со потрошувачката на енергија и запирање на непродуктивното трошење енергија, односно интелигентно користење на расположливите ресурси на енергија.

Целта на изготвување на овој стратешки документ за енергетска ефикасност е двојна. Прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува Општината и, второ, да се дадат препораки за спроведување проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во Општината со воведување мерки за подобрување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на CO2, како и зголемување на јавната свест во врска со енергетската ефикасност.

Во контекс на енергетската ефикасност изградени се енергетско-ефикасни фасади на две училишта, ООУ „Ванчо Прке“ и СОУ „М.М.Брицо“.

За подобрување на постојната состојба потребно е да се обезбедат грантови за подобрување на енергетската ефикасност на градбите. Подобрување на енергетската ефикасност на градбите ќе придонесе кон намалување на потрошувачката на енергенси (дрва) за затоплување на градбите, а со тоа ќе се заштитат шумските екосистеми и ќе се намали загадувањето на воздухот.

**Обновливи извори на енергија**

Во Делчево вкупно се инсталирани или во фаза на инсталирање се фотоволтаици кои ќе произведуваат енергија од сонцето од 14 300 кв. Производството на енергија од сонцето, очекуваме значително да се зголеми, бидејќи се најавени нови инвестиции. До нас, како Општина се доставени уште 24 иницијативи од правни и физички лица за инсталирање фотоволтаици на кров или на земја.

Општина Делчево досега има издадено 28 одобренија за изградба на фотонапонски централи од кои 12 фотонапонски централи за поставување на земја со вкупна инсталирана моќност од 12.588 КВ, а 16 за фотонапонски панели на кров со вкупна инсталирана моќност од 1.700 КВ.

Досега се поставени фотонапонски централи на 4 јавни објекти: административната зграда на Општина Делчево, ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“ со поддршка на Министерството за финансии, како и фотоволтаична централа поставена на зградата на СОУ „М.М.Брицо“.

Завршена е изградба на фотоволтаична централа за потребите на новата пречистителна станица за вода за пиење која се гради со поддршка на Швајцарската Влада, а согласно пресметките, оваа централа ќе обезведува 60% (250 KW) од потребите за електрична енергија за пречистителната станица.

Во Општина Делчево има суроивина за производство на брикети и пелети, и истите се користат.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (вода, ветар, сонце и дрво) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е голем.

## Безбедност и сигурност во заедницата

**Процена на постенцијални ризици по заедницата**

**Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите ризици и опасностои** се ажурира на годишно ниво. Последото ажурирање направено е во 2023 година. Од оваа година ажурирањето на Проценката ќе се прави на 4 години.

Документот ги дава следните проценки на загрозеност:

- Загрозеност од земјотреси, урнатини и рударски несреќи,
- Загрозеност од полави и уривање на високи брани,
- Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи,
- Загрозеност од пожари и експлозии
- Загрозеност од неексплодирани убојни и еклозивни средства,
- Загрозеност од свлечишта и лизгање на земјиштето,
- Загрозеност од епидемии на заразни заболувања,
- Санитарно-хигиенска состојба на објектите за водоснабдување,
- Капацитети за сместување на медицинските установи во општината,
- Црвен крст,
- Процена на број на настрадани лица,
- Загрозеност на животните и производите од животинско потекло,
- Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло,
- Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и акциденти со опасни материи,
- Загрозеност во сообраќајот и телекомуникациите,
- Загрозеност од други вонредни состојби,
- Загрозеност од техничко – технолошки несреќи и заштита на животната средина,

**Планови за заштита**

Во општина Делчево има неколку планови кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

**Табела 10:** Преглед на субјекти на локално ниво и изработени документи во кои се предвидени мерки за превенција, намалување, справување и надминување на последиците од поплавите

| Ред. бр. | Назив на субјектот | Изработени документи |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | РЦУК - Делчево | -Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности |
| 2 | Општина Делчево | -Акциски план за заштита од поплави на река Брегалница<br>-Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во општина Делчево<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во општина Делчево<br>-Генерални и детални урбанистички планови |
| 3 | ПО ДЗС Делчево | -Процена на загрозеност на подрачјето што го покрива ПО ДЗС Делчево од природни непогоди и други несреќи<br>-План за заштита и спасување на подрачјето што го покрива ПО ДЗС Делчево од природни непогоди и други несреќи |
| 4 | СОУ “М.М-Брицо” | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во СОУ “М.М- Брицо”<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во СОУ “М.М- Брицо” |
| 5 | ОУ “Ванчо Прќе” | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во ОУ “Ванчо Прќе”<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во ОУ “Ванчо Прќе” |
| 6 | ОУ “св.Климент Охридски” | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во ОУ “св.Климент Охридски”<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во ОУ “св.Климент Охридски” |
| 7 | ЈОУДГ “Весели Цветови” | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во ЈОУДГ “Весели Цветови”<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во ЈОУДГ “Весели Цветови” |
| 8 | ЈЗУ “Гоце Делчев" - Делчево | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во ЈЗУ “Гоце Делчев" - Делчево<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во ЈЗУ “Гоце Делчев" - Делчево |
| 9 | “Алпин-ком”-ДОО | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во “Алпин-ком”-ДОО<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во “Алпин-ком”-ДОО |
| 10 | Рудине ММ | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во Рудине ММ<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во Рудине ММ |
| 11 | Крзно – текс ДОО | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во Крзно – текс ДОО<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во Крзно – текс ДОО |
| 12 | АД „Фротирка“ | - Процена на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи во АД „Фротирка“<br>- План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во АД „Фротирка“ |
| 13 | Конфекција Дамјанов | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во Дамјанов<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во Дамјанов |
| 14 | Конфекција Витекс | -Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во Витекс<br>-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во Витекс |

*Извор: ЕЛС – Делчево, ПО ДЗС Делчево*

**Пожари**

Од анализата на достапните податоци се заклучува дека подрачјето на општина Делчево во минатото било изложено на пожари кои предизвикале поголеми материјални штети, деградација на околината и други последици, а во мал број на случаи и смртност и повреди. Во минатото најчести пожари кои предизвикувале поголеми штети и за кои може да се најдат податоци биле шумските пожари и пожарите на објекти, а потоа следуваат пожарите на стрништа, депонии и други отворени места.

Пожарите кои се случувале на подрачјето на општина Делчево се разгледувани во 3 групи и тоа:
-Шумски пожари
-Пожари на отворен простор
-Пожари на објекти
Шумските пожари и пожарите на отворен простор се најчестата опасност која предизвикува загрозување на безбедноста на подрачјето на општината Делчево. Најчеста причина за

нивното појавување е човекот со неговите дејства, намерни или ненамерни. Подрачјето на општина Делчево располага со богат шумски фонд и при сушни периоди, а особено придружени со високи температури можноста за појава на шумски пожари и пожари на отворен простор е голема. Недоволната едуцираност на населението за опасностите од пожарите уште повеќе ја зголемува можноста за настанување на овие пожари. Тие во најголема мера се директно предизвикани од човечкиот фактор, а за нивно потенцијално настанување може да се профилираат следните причини:

-непочитување на забраните за палење на оган на отворен простор
-невнимание при чистењето на нивите со палење на иститe
-несоодветно уредување на сечиштата по експлоатацијата (остатоци од гранки и друга шумска маса)
-палење на стрништа

Како најкарактеристичен е пожарот кој беше активен на подрачјето на општина Делчево на планината Средна во периодот од 02.08 - 10.08.2021 година. Пожарот се појавил во атарот на с. Нов Истевник маала Пасјак каде горело црн бор, јасика и бука. Пожарот во наведениот период беше активен и на подрачјето на општините Берово и Пехчево и зафати вкупна површина од околу 5.000ха. Согласно податоците на ЈП Национални шуми „Голак" Делчево на подрачјето на општина Делчево вкупно е опожарена површина од 2.287 хектари (2.173,9 ха во ШСЕ Средна - обозна и 113,1 ха ШСЕ Ветрен – Сараево), 230.987 м3 изгорена дрвна маса и вкупно причинета материјална штета на шумите во висина од 529.073.832 денари.

Во интервенцијата на овој пожар на почеток беа вклучени ТППЕ, шумски работници од ЈП Национални шуми, вработени од Јавни комунални претпријатија, МВР, РЦ за ГР Исток, голем број на месно население и волонтери од Делчево односно беа активирани локални сили. Бидејќи за кратко време пожарот се прошири на голема територија, дополнително беа ангажирани и ТППЕ од други општини, а беше побарано и активирање на Републички сили при што беа активирани и Републички сили за заштита и спасување, 120 припадници на Армијата на РСМ, 60 припадници на МВР - Единица за специјални намени Тигри и единица за брза интервенција, а исто така беше активиран и хеликоптер од АРМ.

Поради големината на пожарот и загрозеноста на поголем број на населени места во гаснење на пожарот од 05.05.2021 година беа вклучени и странски сили, односно ПП Екипи од Р.Бугарија, Словенија и Австрија, како и 3 хеликоптери од Р.Србија и еден авион за гаснење пожари од Романија.

Карактеристично е што во периодот од 1993 година заклучно со 2022 година од вкупно 40 поголеми пожари дадени во овој прилог, 20 пожари се случиле во ШСЕ Средна- Обозна.

Пожарите на градската депонија претставуваат посебен проблем од еколошки аспект. Депонијата се наоѓа на 5,5 км североисточно од градот Делчево, при што при нејзино запалување настанува загадување на воздухот во целиот град.

Пожарите на објекти по честота на појавување се помалку во споредба со шумските пожари и пожарите на отворен простор. Главна причина за настанување на овие пожари е невнимание на луѓето, т.е. најчесто се јавува палење на неисчитени оџаци во период на интензивно

ложење, а поретко се јавуваат пожари поради неисправни електрични инсталации. Согласно горенаведеното како главни причинители за појава на пожарите на објекти се:

- неисчитени оџаци
- несоодветно проектирана и изградена електрична инсталација
- неисправни плински уреди

Пожарите на сообраќајни средства воглавно се јавуваат кај постари возила поради неисправна електрична инсталација на возилото. Главни причинители на овие пожари се:

-стари возила
-неисправна електрична инсталација
-неисправна додатна опрема (плински уред).

Во заштита и спасување од пожар на територијата на Општина Делчево формирани се следните институции и сили:

- Координативно тело за заштита од пожари,
- ТППЕ (професионална единица),
- Просторни сили за заштита и спасување од пожари во јачина на одделение,
- Сили во ЈП „Македонски шуми“ – подружница „Голак“ Делчево,
- Штаб за заштита и спасување на Општина Делчево,
- Доброволно противпожарно здружение
- Локалното население.

**Поплави**

Од анализата на достапните податоци може се заклучи дека подрачјето на општина Делчево во минатото не било зафатено од поплави со поголеми размери кои предизвикале загуби на живот или предизвикале повреди на лица. Поплавите претежно се изразени со поплавување на земјиштето покрај речните корита, а предизвиканата штета најчесто била од инфраструктурен карактер.

Подрачјето на општина Делчево располага со богат хидрографски потенцијал сочинет од сливот на реката Брегалница која е главен реципиент за прифаќање на површинските води од Малешевскиот и Пијанечкиот регион, односно во неа се влеваат сите помали реки и водотеци од овој регион. Поголеми десни притоки на реката Брегалница се: Желевица, Репница, Градска река, Звегорска Река и Габровчица, а леви притоки се: Лошана, Петрашевска река и Чифличка река. Како покарактеристични од овие реки се реките: Желевица, Градска река и река Габровчица.

Главни причинители за појава на поплави се:
- обилни врнежи од дожд
- нагло топење на снег
- неисчистени речни корита и канали
- излевање на води од речни корита и канали заради неуреденост на истите
- неапсорбирање на атмосферската вода во канализацијата во градот

Според извршенеите анализи подрачјето на општината Делчево може да биде изложено на поплави од излевање на реки и поплави од поројни и обилни врнежи од дожд за краток временски интервал при што атмосферската канализација неможе да ја собере целата количина на атмосферска вода при што доаѓа до поплавување на пониските делови (под нивото на теренот) како што се приземја, гаражи, подруми, магацини и сл. кај индивидуални, општествени и трговски објекти, претежно во пониските делови на градот односно централното градско подрачје и населбата Ново Делчево.

Согласно Планот за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општина Делчево како реална опасност за поплавување на земјоделски површини, комуналната инфраструктура, но и градежни објекти се потенцирани реките и вештачките акумулации во општината.

Причини за настанување на поплави во населени места се:

- Неисчистени речни корита кои поминуваат низ населени места,
- Непланска изградба на индивидуални станбени објекти во близина на речни корита,
- Неисправна одводна и канализациона мрежа, неисчистени канали за собирање на атмосферска вода.

Во изминатиов период многу малку е направено за отстранување на причините за настанување на поплавите.

Општина Делчево им изработено Програм за поплави и Стратегија за климатски промени кој даваат одлична можност и анализа за состојбата во општинаата со поплави и влијанието од климатските промени пред се во делот на мерки за митигација.

**Служби за цивилна заштита**

Во Општина Делчево постои служба за цивилна заштита . Општинат има вработено лице за заштита и спасување и има формирано просторни сили за заштита и спасување кои се дел од републичките сили. За да може службата за цивилна заштита успешно да се справува со одредени причини за загрозување на безбедноста и сигурноста во заедницата и последиците од истите, потребно е да се превземат активности во насока на:

- Ажурирање на персоналниот состав, со оглед дека некои лица стекнале услов за пензионирање, други лица се иселиле од општината итн.,
- Покрај потребата од ажурирање на персоналниот состав на силите за цивилна заштита, неопходна е соодветна обука како на лицата во состав на единицата за ЦЗ, така и на лицата во координативното тело за справување со елементарни непогоди,
- Обезбедување на целата опрема за заштита и спасување по број и вид.

Може да заклучиме дека во моментов силите за цивилна заштита не се во можност со полн капацитет да се справат со ризиците по безбедноста и сигурноста во заедницата заради непополнетост со човечки рсурси, слаба опременост, недоволно обученост.

## АНЕКС 2: ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ

### ИЗВЕШТАЈ

од реализиран тематски состанок за подготовка на SWOT анализа за економија, комунална инфраструктура и планирање

Тематскиот состанок за подготовка на SWOT анализа за економија како и комунална инфраструктура и планирање реализиран беше на ден понеделник, 15 јануари 2024 година во мултикултурниот центар во Делчево. Состанокот започна во 11:05 часот и траеше до 13:25 часот.

Со оглед дека за темата економија и темата комунална инфраструктура и планирање поканети беа истите засегнати локални чинители, состаноците беа одржани во ист ден.

На тематските состаноци поканети беа 30 засегнати локални чинители, од кои 6 од јавни институции, 10 од бизнис секторот и 14 од невладиниот сектор.

Од поканетите 30 засегнати локални чинители на тематските состаноци присуствуваа 20. Иако беше најавено присуство на поголемиот број засегнати чинители, некои го откажаа присуството ден порано и на самиот ден на одржување на состаноците.

Од страна на Општинскиот тим за подготовка на ИЛРП присуствуваа координаторот Тони Стоименовски и членовите Влатко Мицевски и Даниела Такева.

На овие тематски состаноци, не беа присутни претставници на јавните институции (општински и државни институции) со исклучок на претставник на  Центар за социјални работи, Делчево.

Составен дел на овој Извештај се:

- Покана
- Агенда
- Листа на поканети чинители
- Листа на присутни чинители
- SWOT анализаза економија
- SWOT анализаза комунална инфраструктура и планирање
- Фотографии

### ТЕМАТСКАSWOTАНАЛИЗА – економски аспекти

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| Историски места и локалитети (цркви, манастири, археолошки и палеонтолошки локалитети) | Недоволно стимулирани микро компаниите |
| Постоење на градски музеј | Не е воспоставен општински бизнис центар |
| Постоење на спомен дом на Разловечкото | Недоволен претприемачки капацитет на |

| | |
|---|---|
| востание | населението (посебно жени и млади во руралните средини) |
| Уредни сместувчки и угостителски објекти | Не функционални дел од  индустриски зони (не уредени со инфраструктура) |
| Настани и манифестации | Недоволно уредени туристички локалитети |
| Постоење на Дом на култура | |
| Природни ресурси (обработливо земјоделско земјиште, минерални суривини) | Неорганизирана и недоволна промоција на туристичките потенцијали |
| Постоење на пешачки, велосипедски патеки | |
| Развиено примарно земјоделско производство со потенцијал за понатамошен развој | Не постои туристички информативен центар |
| Одлични природни услови за лов и риболов | Недефиниран туристички производ |
| Богат шумски фонд | Нема капацитет/и за преработка на земјоделски производи |
| Постоење на локални индустрицки зони со ДУП | Недоволни стимулативни мерки за развој на земјоделството |
| | Слаба искористеност на ИПАРД програмите |
| | Неискористени шумски потенцијали |
| | Мал број на занаетчии |
| | Не постои вмрежување на здруженија од областа на туризмот |
| | Неусогласерност на работната сила со потребите на пазарот |
| | Недоволен финансиски капитал за развојни проекти на бизнис заедницата |
| | Мал број на производи со висока додадена вредност |
| **Можности** | **Закани** |
| Археолошките локалитети не се пристапни за јавност | Пандемии |
| Зголемена побарувачка на храна во глобални рамки | Одолжување на процесот напристапување во ЕУ |
| Зголемена побарувачка на ароматични и лековити билки, и шумски плодови | Мала алокација на финансиски средствана национално ниво за подобрување на инфраструктурата во регионот |
| Мерки и поволности за инвестирање од страна на Владата | Влијание на климатски промени во земјоделието |
| Промоција и привлекување наинвестиции во индустриски зони | Глобална политичка состојба во регионот на ЈИЕ и во Европа |
| Користење на ЕУ и други меѓународнифондови | Отежнат пристап до финансии за приватниот сектор |
| Користење на програми за поддршка на бизнисот од централниот буџет | Нестабилна политичко безбедносна состојба во опкружување |
| Инвестирање од страна на дијаспората | Исполитизираност и бирократија |
| Советодавна и експертска помош за бизнис секторот за подобрување наконкурентноста | Затворање на надворешни пазари |

| | |
|---|---|
| Програма за стимулирање на развојот на занаетчиството (Министерство заЕкономија) | Недоволен број на програми/проекти за поддршка на туристичкиот сектор |
| Поттикнување на соработката помеѓубизнис секторот и универзитетите од регионот | Одлив на работна сила |
| Олеснување на пристапот дорасположливите финансиски средства | Близина на поконкуретни туристички дестинации |
| Достапни програми за претприемништвои самовработување | |
| Стимулирање на Јавното ПриватноПартнерство | |
| Членство во НАТО | |
| Зголемен интерес за рурален туризам | |
| Привлекување на инвеститори од дијаспората | |

## ТЕМАТСКАSWOTАНАЛИЗА – комунална инфраструктура и планирање

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| Голем потенцијал на водни ресурси за водоснабдување и наводнување | |
| Постоечки системи за наводнување на земјоделски површини | Не постои урбанистичка планска документација за сите населени места |
| Постоење на ЈП | Не се целосно превземени водоводните системи од страна на ЈКП „Брегалница“ |
| Добра покриеност со патна мрежа на населените места | Не функционални пречистителни станица во с.Триботивиште |
| Добра покриеност на населените места со водоводни системи | Не пречистени отпадни води од постоечки канализациони системи |
| Целосна електрификација | Нема атмосферска канализација на дел градот |
| Целосна покриеност со телекомуникациска инфраструктура | Нерегулирани речни корита во населени места |
| | Голем број на диви депонии |
| | Не функционални системи за наводнување |
| | Не постои субјект кој ќе ги управува и одржува системите за наводнување |
| **Можности** | **Закани** |
| Искористгување на фондовите на ЕУ за инфраструктурни проекти | Недоволна грижа за регионалните патишта од страна на надлежните државни институции |
| Вклучување на општината во процесот на изградба на регионален систем за управување со цврст отпад | Намалено ниво на води (потоци, реки) |
| | Постоечка законска регулатива (Закон за водните заедници) |

**ИЗВЕШТАЈ**

од реализиран тематски состанок за подготовка на SWOT анализа за социјална инфраструктура

Тематскиот состанок за подготовка на SWOT анализа за социјална инфраструктура реализиран беше на ден петок, 13 Фвруари 2024 година во мултифункционалниот во Делчево. Состанокот започна во 09:00 часот и траеше до 11:30 часот.

На тематскиот состанок поканети беа 20 засегнати локални чинители, од кои 8 од јавни институции и 7 од невладиниот сектор и 5 зинтересирани граѓани.

Од поканетите 30 засегнати локални чинители на тематскиот состанок присуствуваа 20. Иако беше најавено присуство на поголемиот број засегнати чинители, некои го откажаа присуството ден порано и на самиот ден на одржување на состаноците.

На овој тематски состанок, не беа присутни претставници на јавните институции (општински и државни институции) .

Составен дел на овој Извештај се:

- Покана
- Агенда
- Листа на поканети чинители
- Листа на присутничинители
- SWOT анализаза социјална инфраструктура
- Фотографии

**СЕКТОРСКА SWOTАНАЛИЗА – социјална инфраструктура**

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| Постоење на детска градинка во Делчево и изградба на нова | Недостаток на установи за детско згрижување во рурални средини |
| Постоење на основни и средно општинско училиште | „Недоволен“ број на стручни насоки во средното училиште |
| Постоење на културни манифестации | Недоволна поддршка на манифестациите (култура, традиција и фолклор) |
| Постоење на Центар на култура | Недостигаат одреени специјалности во здравниот дом како услуга |
| Постоење на здравствена установа | Недостигаа амбуланти во руралните средини |
| Постоење на лиценцирани здруженија з социјални услуги | Не се работно ангажирани работоспособни лица приматели на социјална помош |
| Постојат објекти кои можат да се реставрираат за социјални услуги | Нефункционален Социјален совет и Совет за превенција од детско претстапништво |
| Постојат спортски објекти | Не постои постојана парична помош, односно личен асистент кај семејстата кои имаат член со пречки во развојот |
| Постоење на здравствен дом | |
| | Недоволно/несоодветно спроведување на |

| | |
|---|---|
| | конвенцијата за изедначување на правата на лицата со телесен инвалидитет |
| | Недостиг на медицински кадар |
| | Физички бариери за пристап на јавни површини и во јавни институции |
| | Недостасуваа просторни услови за работа на ЗГ |
| | Спортските клубови не се ослободени од надоместок за користење на спортски објекти |
| | Недоволен број вон школски активности, особено за помладата популација (агажирање на стручни лица за работа) |
| | Не се организираат трибини на тема здравствена заштита (болести, пороци итн.) |
| **Можности** | **Закани** |
| Постојна регулатива и практични искуства за Јавно приватно партнерство (ЈПП) | Неизвесност со случувањата со пандемии |
| Закон за донации | Бирократија |
| Програми на Агенција за млади и спорт | Влијание на политика во образовните процеси, социјалата и спортот |
| | Непочитување на законска регулатива (ослободување од партиципации на лица со попреченост) |

## АНЕКС 3: ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Во рамките на партиципативното планирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година, на буџетскиот форум, поконкретно на трите форумски сесии, кои се одржаа во периодот од октомври – ноември .2023  година, граѓаните имаа можност со своето партиципативно учество да придонесат во креирањето на Буџетот на општина Делчево за 2024 г. преку давање на нивни предлози – решенија, за тоа што тие сметаат дека е најпотребно и најприоритетно за локалната заедница и го предлагаат да се реализира следната година.

На првата форумска сесија кој се одржа на 24 октомври 2023 беа претставени финансиските капацитети н општина Делчево, беа презентирани звршените проекти во 2023, тековните проекти и проекти кој се во фаза н реализација. Исто така бе формирани работни маси од нај различни области како што се општинска администрација, месни и урбани зедници,  образование, инфраструктура, граѓански сектор, култура спорт и млади.

На третата форумска сесија беа приоретизирани 51-те избрани форумски приоритети – проекти, кои форумот ги предложи до општината, за да станат составен дел на буџетот и програмите на општината за следната година

На третата форумска сесија н 6 декември за креирање на Буџетот за наредната 2024 година на која активно учествуваа претставници од месните и урбаните заедници, од граѓанскиот сектор, институции и други заинтресирани граѓани.
Согласно со гласањето според изработената предлог-листа на приоритети од претходните две сесии на која се најдоа 51 приоритетен проект и 18 препораки,  изградбата на старечки дом во Делчево е прв приоритет за граѓаните на Делчево за реализацијата. Според освоените бодови, се селектираше и листа од 10 приоритетни проекти:

– Изградба на старечки дом;
– Изградба на кружни текови во Делчево;
– Изгработка на техничка документација на нов објект-куќа на културата за „Копачката“, Локалниот музеј на Делчево и библиотеката;
– Пристапност со лифтови за ученици со инвалидитет во сите училиште;
– Изградба на тротоар и осветлување од потегот на бензиската пумпа „Дади-компани“ до новиот градски пазар;
– Реконструкција на системите за греење во сите училишта;
– Тампонирање на патот за с. Косово Дабје;
– Асфалтирање пат до маалата во с. Вратиславци;
– Изградба на игралиште со реквизити за деца до 7 години;
– Стипендии на ученици и студенти со телесен инвалидитет.

Инаку, сите предложени 51 проект ќе бидат земени предвид и нивната реализација не зависи од ранг-листата туку од техничката изводливост и финансиските капацитети на Општината.
Со одржувањето на третата форумска сесија заврши форумскиот процес за креирање на буџетот за 2024 година на Општина Делчево во кој активно учествуваа граѓаните.
Целта на организација на форумите е граѓанско учество во процесот на донесување на одлуки, во случајот, приоритетните проекти за реализација за наредната година, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети ќе ги предвиди за реализација.
Препораките и приоритетните проекти на 6 декември се презентирани и доставени до градоначалникот н општина Делчево Г-дин . Горан Трајковски со цел да се вградат и да бидат дел од општинскиот буџет за 2025 година.
Форумите се во организација на Здружението Регионалниот центар за застапување и Општина Делчево.